**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА**

**НА**

**ДРЖАВНАТА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈА**

**за 2023 ГОДИНА**

Февруари 2024

## Содржина


1. Вовед 5
2. Статус, раководство, надлежност и организациона структура 6
2.1. Законска рамка ..... 6
2.2. Мандат и статус на претседател и членови ..... 7
2.3. Секретаријат на Државната комисија за спречување на корупцијата ..... 8
3. Реализирани активности кои произлегуваат од законските надлежности на Државната комисија за спречување на корупцијата 12
3.1. Национална стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 12
3.2. Постапувања во случаи за сомнежи за корупција 19
3.3. Постапување во случаи на судир на интереси 23
3.4. Следење на законитоста на финансирањето на политички партии и изборни кампањи 26
3.5. Евидентирање и следење на имотната состојба 27
3.6. Проверка на податоците од изјавите за имотната состојба и интереси 28
3.7. Регистар на избрани и именувани лица 29
3.8. Водење прекршочни постапки 30
3.9. Антикорупциска проверка на закони и подзаконски акти 32
3.10. Анализи за ризици од корупција во различни сектори 35
3.11. Јакнење на личниот и институционален интегритет 37
3.12. Едукација и јакнење на свеста за корупцијата и судирот на интереси 40
3.13. Примена на Законот за заштита на укажувачи 42
3.14. Примена на Законот за лобирање 48
3.15. Постапување по барања за пристап до информации од јавен карактер 48
4. ОЦЕНКА НА СОСТОЈБАТА СО КОРУПЦИЈА И БОРБАТА ПРОТИВ КОРУПЦИЈАТА ВО ДРЖАВАТА 50
5. Обезбедување на услови за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата 52
5.1. Едукација на вработените во Државната комисија за спречување на корупцијата 52
5.2. Технички капацитети на Државната комисија за спречување на корупцијата 53
6. Соработка со институции од јавниот сектор во Република Северна Македонија 56
7. Буџет, завршна сметка и финансирање 60
8. ЗАКЛУЧОЦИ 63
9. ПРИЛОЗИ 64

**РЕЗИМЕ**

Овој извештај ја отсликува работата на Државната комисија за спречување на корупцијата во текот на 2023 година.

Државната комисија за спречување на корупцијата е независна институција формирана од Собранието на Република Северна Македонија и своите надлежности ги врши согласно Законот за спречување на корупција и судирот на интереси.

Државната комисија за спречување на корупцијата вложи големи напори, преку исполнување на своите надлежности да биде препознаена како гласноговорник за обелоденување на корупцијата и судир на интереси на сите нивоа, но  и иницијатор за законито постапување и владеење на правото.

Спроведувајќи ги мерките и активностите на Националната стратегија за борбата против корупцијата 2021-2025, Државната комисија за спречување на корупцијата во 2023 година работеше на секторскиот, институционалниот и личниот интегритет заедно со органите на централна власт и локалната самоуправа. Како резултат на ова заклучно со декември 2023 година системот на интегритет започна да се воведува во 71 институција од редот на органи на државна управа и други државни органи: агенции, фондови, комисии, заводи, инспекторати, секретаријати, 14 судови и 69 единици на локалната самоуправа.

Во текот на 2023 година во Државната комисија за спречување на корупцијата прими 649 пријави и оформи 124 предмети по сопствена иницијатива од разни области, започната е проверка на имотната состојба на 21 носители на јавни функции,  издадени се 160 прекршочни платни налози за непочитување на одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и во Буџетот на Република Северна Македонија наплататени се глоби во износ од 13.150 евра во денарска противвредност. Одржани се 18 седници на кои се донесени 1455 одлуки.

Во текот на 2023 Државната комисија за спречување на корупцијата донесе Антикорупциска програма за јавните претпријатија и трговските друштва во државна сопственост и сопственост на општините и градот Скопје 2024-2025 со цел полесно менаџирање со секторите и позициите каде ризиците од корупција, вклучително и дискреционото носење одлуки најмногу се  доминантни.

Објавен е извештај од Проценка на ризиците во правосудството што за потребите на Државната комисијата за спречување на корупцијата ја реализираше Мисијата на ОБСЕ во Скопје. Детектирани се значајни ризици кои произлегуваат од надворешни и од внатрешни фактори, а генерално се однесуваат на: Изготвување на несоодветни наоди и мислења од страна на вештаците; Низок квалитет на обвинителните акти; Влијание на претседатели на суд преку годишниот распоред за работа на судот; Блискост помеѓу судии и адвокати што влијае врз постапките; Недостаток на соработка помеѓу јавните обвинителства и другите надлежни органи за откривање; Распоредување на предмети спротивно на Правилникот за внатрешно работење од страна на јавните обвинители на јавните обвинителства и многу други ризици.

Подобрен е и процесот на антикорупциската проверка на легислативата со тоа што Државната комисија за спречување на корупцијата почна да применува софтверско решение за дел од предложените закони, со што побрзо се препознаваат одредбите кои содржат ризици од корупција и судир на интереси, како резултат на тоа направена е антикорупциска проверка на 26 законски решенија.

Во рамки на процесот на ,,Билатерален скрининг" што Република Северна Македонија го започна со Европската Унија, Државната комисија за спречување на корупцијата стана редовен учесник во сесиите пред сé поради својата превентивна антикорупциска улога. Во 2023 година се одржаа билатерални состаноци за 22 поглавја на кои претставниците на Државната комисија за спречување на корупцијата ги претставија изградените политики, алатки и пред се активностите од Националната стратегија како системски механизми, но и други ад-хок преложени механзми во борбата со корупцијата.

Од причина што едукацијата претставува појдовна точка во развојот на едно општество во целина, едукацијата за спознавање на корупцијата и негативните ефекти што ги генерира, значењето на интегритетот, транспарентноста и отчетноста пред јавноста се трите темели на кои се гради борбата против корупцијата. Во таа насока, во 2023 година со своите поддржувачи од Агенцијата на Соединети Американски Држави за меѓународен развој (УСАИД) и Меѓународната фондација за изборни системи (ИФЕС) организираше едукација на ученици од 13 основни училишта низ Македонија, за 23 ученици од трета година од средното училиште „Орце Николов" од Скопје ги отвори своите врати, но и го збогати фондот на лекции јавно достапен преку Е-платформата за учење на веб страната на Државната комисија за спречување на корупцијата.

## 1. Вовед

Во насока на исполнување на надлежноста од член 19 од Законот за спречување на корупција и судирот на интереси (во натамошниот текст ЗСКСИ), Државната комисија за спречување на корупција (во натамошниот текст: ДКСК) го изготви овој Извештај за своето работење во текот на 2023 година. Извештајот се поднесува до Собранието на Република Северна Македонија и се доставува до Претседателот на Република Северна Македонија, Владата на Република Северна Македонија како и до средствата за јавно информирање.

2023 година е последна година од мандатот на Билјана Ивановска-претседател, и членовите Владо Ѓорѓиев, Софка Пејовска-Дојчиновска, Катица Николовска, Нури Бајрами, Горан Трпеновски и Шемси Салаи, избрани од Собранието на РСМ на 7 февруари 2019 година.

Оваа 2023 година беше посветена на зголемување на бројот на институции како од централната така и од локалната власт кои ќе ги применуваат Политиките на интегритет, беше посветена на едукација во основните училиишта низ Македонија, едукација на вработените од јавниот сектор во Тренинг центарот на ДКСК, презентирање на изградените антикорупциски политики за разни сектори за време на Билатералните скринизи на државните институции што се одржуваа во Брисел, завршување на голем дел предмети од голем јавен интерес.

Оваа 2023 година исто така беше континуитет на напорите за зголемување на бројот на вработените во Секретаријатот на ДКСК, но и финализирање на сите споредни активности неопходни за операбилност на софтверското решение за регистар на избрани и именувани лица и електронско поднесување на анкетни листи. Конечно системот почна да функционира од 01.01.2024 година.

Новиот Закон за лобирање донесен на 01.06.2021 година, со одложена примена од 11.06.2022 и после 18 месеци примена, сеуште нема активна имплементација и нема регистрирано ниту еден лиобист

**Мисија: „ДКСК применува и поттикнува доследна примена на законите, нормативно и институционално јакнење, креира антикорупциски политики, изрекува превентивни и репресивни мерки со кои влијае на спречување на корупцијата и судирот на интереси во вршење на власта и јавни овластувања, службена должност и политика, промовира владеење на правото, доброто управување и развива правна култура“, а со цел исполнување на својата**

**Визија: „Воспоставен функционален и ефикасен систем за превенција и репресија на корупцијата и судирот на интереси“.**

## 2. Статус, раководство, надлежност и организациона структура

### 2.1. Законска рамка

Со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси (во натамошниот текст ЗСКСИ) кој е во примена од јануари 2019 година се зголемија надлежностите на ДКСК и се зајакна и нејзината институционалната важност.

Согласно ЗСКСИ, Државната комисија за спречување на корупцијата е самостојна и независна во вршењето на работите утврдени со Законот и со својство на правно лице. Со член 17 од ЗСКСИ, утврдени се 29 надлежности кои генерално може да се поделат во шест сегменти на функционирање како што е прикажано во Табела 1.

Табела 1: Надлежности на ДКСК

| Функции на ДКСК | Надлежности од член 17 |
|---|---|
| 1. Развој на антикорупциски политики и подобрување на антикорупциската клима | - Донесување на национална стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси, со акционен план за нејзино спроведување ( точка 1).<br>- Спроведување антикорупциска проверка на закони, подзаконски акти и други општи акти, согласно Методологија која самата ДКСК ја донесува ( точка 2).<br>- Соработка со здруженија, фондации, научни институции и приватниот сектор во врска со превенција на корупцијата и судирот на интереси (точка 16).<br>- Подготовка на анализи за ризици од корупција во различни сектори (точка 17).<br>- Преземање активности во насока на јакнење на личниот и институционалниот интегритет (точка 18).<br>- Спроведување истражувања на јавното мислење за оценка на своето работење и состојбата со корупцијата (точка 23).<br>- Редовно известување на јавноста за својата работа (точка 28).<br>- Преземање активности на планот на едукацијата и јакнењето на свеста за корупцијата и судирот на интереси (точка 19). |
| 2. Континуирано следење на и проверка на имотната состојба и интересите на избрани и именувани лица, финансирање на политички партии и изборни кампањи и водење на соодветни регистри | ○ Следење на законитоста на финансирањето на изборните кампањи (точка 7).<br>○ Следење на законитоста на финансирањето на политичките партии (точка 6).<br>○ Евидентирање и следење на имотната состојба и интересите на лицата опфатени со законот (точка 10).<br>○ Пропишување образец на изјавите за имотната состојба и интересите (точка 11).<br>○ Вршење проверка на податоците од изјавите за имотната состојба и интересите (точка 12).<br>○ Соработка со државни органи во обезбедувањето на потребните информации (точка 13).<br>○ Водење на регистар на избрани и именувани лица (точка 20).<br>○ Изготвување каталог на подароци врз основа на податоците добиени согласно со членот 58 од ЗСКСИ и објавување на каталогот на својата веб страница (точка 22). |

| | |
|---|---|
| 3. Покренување на иницијативи пред други надлежни органи, утврдување на состојби на судир на интереси, прекршочни постапки | ○ Постапува по пријави од физички и правни лица за сомнежи за корупција и судир на интереси (точка 3).<br>○ Покренува иницијатива пред надлежните органи за поведување постапка за утврдување на одговорност на службени лица (точка 4).<br>○ Покренување иницијатива за поведување постапка за кривично гонење во предметите по кои постапува (точка 5).<br>○ Покренување иницијатива врз основа на извештаи на Државниот завод за ревизија (точка 8).<br>○ Водење прекршочни постапки за прекршоците утврдени во членовите 100 - 113 од ЗСКСИ (член 114, ст. 2) |
| 4. Соработка со државни органи, домашни и меѓународни тела и организации | ○ Соработка со државни органи во обезбедување на информации (точка 13).<br>○ Соработка со национални тела на други држави, како и со меѓународни организации на полето на спречување на корупцијата (точка 14).<br>○ Разменување информации со надлежни тела на други држави и меѓународни организации, врз основа на обврски преземени со меѓународни договори ратификувани согласно Уставот (точка 15).<br>○ Соработка со здруженија, фондации, научни институции и приватниот сектор во врска со превенција на корупцијата и судирот на интереси (точка 16). |
| 5. Едукација и јакнење на свеста за корупцијата и судирот на интереси | ○ Преземање активности на планот на едукацијата и јакнењето на свеста за корупцијата и судирот на интереси (точка 19). |
| 6. Обезбедува сопственото непречено функционирање | ○ Донесување годишна програма за работа (точка 24).<br>○ Донесување етички кодекс за членовите и Секретаријатот (точка 25).<br>○ Донесување деловник за работа (точка 26).<br>○ Донесување акти за внатрешна организација и систематизација на работните места во Секретаријатот (точка 27). |

ДКСК има доделени надлежности и со други закони како што се Закон за заштита на укажувачите (Службен весник бр. 196/15 и 35/18), Законот за лобирање (Службен весник бр. бр.106/08 и 135/11) и Изборниот законик (Службен весник бр. 40/06...215/21).

### 2.2. Мандат и статус на претседател и членови

Државната комисија е составена од претседател и шест членови, кои имаат статус на именувани лица. Претседателот и членовите на ДКСК се избираат на јавен оглас што го објавува Собранието на начин и во постапка утврдена со ЗСКСИ кој обезбедува транспарентност и учество на јавноста при изборот на членовите.

Претседателот и членовите на ДКСК ги именува Собранието на РСМ за период од пет години, без право на повторен избор. Од редот на членовите на ДКСК со мнозинство гласови од вкупниот состав на членовите се избира заменик-претседател по принципот на ротација на секои шест месеци. Претседателот и членовите на ДКСК функцијата ја вршат професионално и со полно работно време. Собранието на РСМ го разрешува претседателот и членот на ДКСК по предлог на

Комисијата за прашањата на изборите и именувањата на Собранието, во случај кога е исполнет услов за разрешување утврден во ЗСКСИ.

Постојниот состав на Комисијата беше избран на 8 февруари 2019 година со Одлука за именување на претседател и членови на ДКСК од страна на Собранието на РСМ.

### 2.3. Секретаријат на Државната комисија за спречување на корупцијата

Секретаријатот на ДКСК е стручна служба која ги врши административните работи од надлежност на Комисијата.

Вработените во Секретаријатот имаат статус на административни службеници раководени од Генерален секретар кој ДКСК го бира со мнозинство гласови.

Врз основа на извршена функционална анализа и проценка на потребната организациона поставеност и човечки ресурси заради исполнување на законските надлежности, од август 2020 година во примена се Правилник за внатрешна организација на Секретаријатот на ДКСК и Правилник за систематизација на работните места во Секретаријатот на ДКСК, а во февруари 2021 направена е негова дополн. Актите за внатрешна организација и систематизација се јавно достапни на веб страната на ДКСК.

Вработените во Секретаријатот се организирани во следниве организациони форми:




Имајќи ги предвид сите релевантни меѓународни извештаи како и заложбите за борба против корупцијата, ДКСК во насока на зајакнување на капацитетите и подобрување на целокупното работење и функционирање на институцијата, во декември 2023 година ја усвои новата функционална анализа, во која ги идентификува главните карактеристики на постојната организациска структура и фукционирањето на ДКСК во целина со предлог мерки за подобрување на ефикасноста и ефективноста во институцијата.

Во Табела 2 прикажана е структурата на човечките ресурси во Секретаријатот на ДКСК во однос на планираниот број на вработени и моменталната состојба на пополнетост по работни места, степен на образование, пол и етничка припадност.

Табела 2: Структура на човечките ресурси во Секретаријатот на ДКСК

| **Вид на административни службеници** | **Планирани** | **Број на вработени** | **ВСС** | **ССС** | **Мажи** | **Жени** | **Македонци** | **Албанци** | **Власи** | **Срби** | **Роми** | **Турци** | **Други** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Генерален секретар | 1 | 1 | 1 | | | 1 | 1 | | | | | | |
| Државни советници | 2 | 2 | 2 | | | 2 | 2 | | | | | | |
| Раководни административни службеници | 15 | 11 | 11 | | 1 | 10 | 9 | 1 | | | | | 1 |
| Стручно - административни службеници | 42 | 31 | 31 | | 14 | 17 | 16 | 10 | 1 | 2 | 1 | 1 | |
| Помошно - стручни административни службеници | 4 | 2 | | 2 | | 2 | 2 | | | | | | |
| **Вкупно** | **64** | **47** | **45** | **2** | **15** | **32** | **30** | **11** | **1** | **2** | **1** | **1** | **1** |

Од административните службеници со завршено високо образование, 19 се со звање магистер и еден доктор на науки.

Во согласност со Годишниот план за вработување во ДКСК за 2023 година, во првата половина на ноември 2023 година, ДКСК започна постапка за вработување на 5 административни службеници со објавување на јавен оглас. По завршување на постапката (крајот на јануари) се очекува бројот на вработени во Секретаријатот на ДКСК да биде 52 пополнети работни места што претставува 81% пополнетост.

Во Табела 3 прикажана е состојбата на пополнетост на работните места во Секретаријатот на ДКСК, во однос на предвидениот број на работни места со актите за систематизација, пополнетост на работните места и процентот на пополнетост, по години.

Табела 3: Состојба на пополнетост на работни места во Секретаријатот на ДКСК

| **Година** | **Број на предвидени работни места** | **Број на пополнети работни места** | **Процент на пополнетост** |
|---|---|---|---|
| 2019 | 51 | 24 | 47% |
| 2020 | 60 | 23 | 38% |
| 2021 | 64 | 34 | 53% |
| 2022 | 64 | 48 | 75% |
| 2023 (јануари 2024) | 64 | 52 | 81% |

Подобрувањето на состојбата со човечките капацитети се должи на пополнување на работните места преку нови вработувања, преземање на административни службеници како и унапредување на постојниот кадар. Во текот на 2023 година преку постапка за унапредување со објавување на интерен оглас во Секретаријатот беше унапреден еден административен службеник со долгогодишно работно искуство во институцијата и стручност во работењето, еден административен службеник со спогодба за вработување преку трајно преземање беше вработен

во Секретаријатот на ДКСК,  а на двајца административни службеници, спогодбено им престана работниот однос во институцијата

Иако состојбата со бројот на вработените во Секретаријатот е подобрена, ДКСК и во текот на 2024 година ќе работи на зајакнување на човечките ресурси како една од основните цели за нејзино институционално јакнење.  Во согласност со Годишниот план за вработување во ДКСК за 2024 година, за наредната година планирани се три нови вработувања и пет унапредувања во Секретаријатот на ДКСК.

Зајакнувањето на капацитетите во ДКСК е од исклучително значење за целокупното функционирање на институцијата. Потребата за подобрување на функционирањето, исто како и во претходните извештаи се повторува и во последниот извештај на Европската Комисија за напредокот на Република Северна Македонија за 2023 година, во кој се констатира проактивноста на ДКСК при обезбедувањето политички насоки за јавните институции за спречување на корупцијата и се препорачува дека напорите за подобрување на функционирањето на ДКСК треба да продолжат особено со доделување на дополнителни средства за вработување специјализиран кадар.

# 3. Реализирани активности кои произлегуваат од законските надлежности на ДКСК

## 3.1. Национална стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси

ДКСК на годишно ниво ја следи имплементацијата на активностите утврдени во Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2021-2025 со Акционен план за нејзиното спроведување (во понатамошниот текст: НС 2021-2025), преку развиеното софтверско решение – ВЕБ апликација, преку кое институциите задолжени за реализација на мерките и активностите периодично доставуваат извештаи за спроведените активности. По извршената евалуација за степенот на реализација на мерките и активностите од НС 2021-2025 година, ДКСК изготви Годишен извештај за спроведувањето на НС 2021-2025 за 2022 година и го достави до Собранието на Република Северна Македонија.

На 5 април 2023 година, ДКСК организираше Годишна конференција за оценка на остварувањето на Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси со Акционен план 2021-2025 за 2022 година во рамките на проектот „Активност за анти-корупција и интегритет", финансиран од УСАИД, а спроведуван од Меѓународната фондација за изборни системи - ИФЕС, каде беа презентирани наодите од Годишниот извештај за спроведувањето на Националната стратегија за 2022 година, но и предизвиците кои претстојата пред ДКСК.

Врз основа на годишните извештаи за реализација на Националната стратегија за 2022 година (реализирани 17 активности (10%), во тек на реализација се 58 активности (35%), додека 90 (55%) од активностите воопшто не се започнати со реализација), ДКСК започна активности за изменување и дополнување на НС 2021-2025 со Акционен план за нејзино спроведување. За таа цел беа одржани девет (9) работилници за прибирање и подготовка на материјал за изменување и дополнување на НС со експертска поддршка од Меѓународната фондација за изборни системи - ИФЕС.

Во измената и дополнувањето на НС, додадени се два нови сектори: Надзор над спроведување на законите и Имот во државна сопственост. Во секторот Надзор над спроведување на законите утврдени се вкупно три приоритетни проблеми кои генерираат корупција, за чие надминување се предвидени три мерки и 10 активности, додека во секторот Имот во државна сопственост утврдени се вкупно два приоритетни проблеми, за чие надминување се предвидени две мерки и осум активности.

Покрај двете нови области, со изменувањето и дополнувањето на НС, се врши изменување на дел од постојните мерки и активности, како и дополнување со вкупно 102 нови активности. Најголем дел од новите активности се додадени во хоризонталната област Јавни набавки и во секторите Урбанизам и просторно планирање и во Животна средина, области за кои ДКСК утврди дека е потребно да се зајакнат со дополнителни мерки и активности.

Во периодот од 15 до 30 ноември 2023 година преку ВЕБ апликацијата беше отворен нов циклус на евалуација на степенот на реализација на активностите за 2023 година, кога координаторите на институциите носители на активностите, поднесуваа извештаи за степенот на реализација на активностите. По завршување на евалуацијата, ДКСК ќе изработи Годишен извештај за спроведување на Стратегијата во 2023 година и ќе го достави до Собранието на Република Северна Македонија до 31 март 2024 година.

Податоците од евалуацијата прикажани во Табела 4 и оваа година говорат за мал процент на реализација на планираните мерки и активности.

Табела 4: Реализација на национална стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2021-2025 со акционен план во 2023 година

| Р.бр. | Области/ Сектори | Број на предложени | | | Планиран период на реализација на активностите | | | | | Број на активности во 2021 | | | Број на активности во 2022 | | | Број на активности во 2023 | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Проблеми** | **Мерки** | **Активности** | **2021** | **2022** | **2023** | **2024** | **2025** | **Реализирани** | **Нереализирани** | **Во тек** | **Реализирани** | **Нереализирани** | **Во тек** | **Реализирани** | **Нереализирани** | **Во тек** |
| **1** | Јавни набавки | 2 | 2 | 4 | 3 | 0 | 1 | 0 | 0 | 1 | 2 | 0 | 0 | 0 | 2 | 0 | 2 | 1 |
| **2** | Вработување | 3 | 8 | 13 | 8 | 4 | 0 | 0 | 0 | 1 | 5 | 2 | 0 | 7 | 5 | 0 | 9 | 3 |
| **3** | Политички систем | 6 | 7 | 8 | 6 | 2 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | 4 | 0 | 3 | 4 | 0 | 3 | 4 |
| **4** | Правосудство | 3 | 7 | 14 | 9 | 5 | 0 | 0 | 0 | 7 | 0 | 2 | 5 | 3 | 2 | 4 | 5 | 0 |
| **5** | Органи за спроведување на законот | 7 | 13 | 21 | 14 | 7 | 2 | 0 | 0 | 2 | 9 | 3 | 3 | 10 | 6 | 1 | 13 | 5 |
| **6** | Здравство | 5 | 18 | 26 | 12 | 13 | 1 | 0 | 0 | 1 | 9 | 2 | 2 | 16 | 6 | 8 | 7 | 8 |
| **7** | Образование | 8 | 18 | 34 | 27 | 4 | 0 | 0 | 0 | 6 | 10 | 11 | 5 | 12 | 11 | 3 | 12 | 10 |
| **8** | Труд и социјална политика | 1 | 5 | 10 | 3 | 5 | 2 | 0 | 0 | 0 | 2 | 1 | 0 | 3 | 5 | 3 | 4 | 3 |
| **9** | Урбанизам и просторно планирање | 1 | 1 | 1 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 1 |
| **10** | Животна средина | 1 | 1 | 2 | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 | 1 | 1 |
| **11** | Земјоделство | 5 | 9 | 16 | 11 | 5 | 0 | 0 | 0 | 0 | 10 | 1 | 0 | 14 | 2 | 1 | 7 | 8 |
| **12** | Спорт | 2 | 6 | 15 | 7 | 7 | 1 | 0 | 0 | 0 | 6 | 1 | 0 | 9 | 5 | 0 | 10 | 5 |
| **13** | Економија и бизнис | 4 | 8 | 13 | 8 | 5 | 0 | 0 | 0 | 1 | 5 | 2 | 2 | 8 | 3 | 1 | 11 | 1 |
| **14** | ЈП и АД | 3 | 3 | 6 | 0 | 2 | 2 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 | 0 | 1 | 3 | 0 |
| **15** | Медиуми и граѓанско општество | 3 | 5 | 8 | 3 | 5 | 0 | 0 | 0 | 2 | 0 | 1 | 0 | 2 | 5 | 0 | 2 | 5 |
| | **ВКУПНО** | **54** | **111** | **191** | **111** | **67** | **9** | **2** | **0** | **22** | **59** | **30** | **17** | **90** | **58** | **22** | **89** | **55** |




Графикон 1

Од добиените извештаи и направените проверки е утврдено дека од вкупно 166 предвидени активности за 2023 година 22 се реализирани, 89 не се реализирани, додека пак 55 активности се во тек на реализација.

По области, степенот на реализација е прикажан го Графикон 2




Графикон 2

Причината за ваквите состојби е недоволната посветеност на институциите за навремено извршување на доделените активности, но и неефикасноста на Собранието на РСМ во носењето на закони од причина што голем број закони кои согласно активностите треба да се изменат, веќе подолго време се во Собраниска процедура.

***Постапувања по предмети***

Постапувањата на ДКСК во однос на проверка и утврдување на состојбите поврзани со сомнежи за коруптивно однесување, судир на интереси, спречување корупција во политиката, непријавување на имот и интереси, проверка на изјавите за имот и т.н. ги темели на основа на пријави од правни или физички лица, анонимни или познати, по допрен глас или по сопствена иницијатива, но и по годишни планови. И во текот на 2023 година до ДКСК беа доставени голем број пријави по сите основи прикажани во Табела 5:

Табела 5: Состојба на предмети по примени пријави, сопствена иницијатива и донесени одлуки

| Област за постапување | Корупција | | Судир на интереси | | Имотна состојба | | Финансирање на изборни кампањи | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Година** | **2023** | **2022** | **2023** | **2022** | **2023** | **2022** | **2023** | **2022** | **2023** | **2022** |
| Примени пријави | 549 | 563 | 64 | 118 | 36 | 17 | - | 0 | 649 | 698 |
| Сопствена иницијатива | 13 | 20 | 57 | 27 | 54 | 80 | - | 0 | 124 | 127 |
| Број на донесени одлуки | 1074 | 507 | 146 | 161 | 235 | 372 | 2 | 14 | 1455 | 1056 |

Податоците за 2023 година говорат дека исто како и во минатата 2022 година, најголем број на поднесени пријави се со наводи за постоење сомнеж за коруптивно однесување на службените лица (Графикон 3). Покрај тоа ДКСК издаде 66 мислења по доставени барања согласно член 72 став 3 од ЗСКСИ, односно издавање мислења во случаи на постоење потенцијален судир на интереси.




Графикон 3

Во текот на 2023 година ДКСК одржа вкупно 18 седници преку on-line платформа на кои седници на радиодифузерите и електронските медиуми им беше овозможен пристап директно да ги следат. Дополнително, снимките од одржаните седници се јавно достапни на youtube канал.

**Член 22 од ЗСКСИ: Седници на комисијата:**

(1) Државната комисија, одлуките во вршењето на работите од својата надлежност, ги носи на седница со која претседава претседателот на Државната комисија, со мнозинство гласови од вкупниот состав на Државната комисија.

(3) Седниците на Државната комисија се јавни.

(4) По исклучок на ставот (4) од овој член, јавноста може да биде исклучена кога се постапува по предмети кои содржат класифицирани информации и податоци кои се заштитени со закон.

На одржаните седници беа донесени 1455 одлуки, кои според областа на надлежност на ДКСК се прикажани во Графикон 4.




Графикон 4: Донесени одлуки според област на надлежност

**Член 17 од ЗСКСИ**: ДКСК ги има следниве надлежности:

точка 4: покренува иницијатива пред надлежните органи за поведување постапка за утврдување на одговорност на службени лица;

точка 5: покренува иницијатива за поведување постапка за кривично гонење во предметите по кои постапува

Во рамки на наведените надлежности, како резултат на постапувањата по предмети, ДКСК достави иницијативи за постапување и до други надлежни органи. Состојбата на доставените иницијативи и постапувања на институциите по истите е прикажана во Табела 6.

Табела 6: Преглед на доставени иницијативи до органи и институции за надлежно постапување и ефекти од нивно постапување во период 2019-2023

| р. Број | Институција | Доставени иницијативи | | | | | | Постапувања на институциите во 2019-2022 | | | | | | | | Постапувања на институциите во 2023 по доставените иницијативи | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 2019-2021 | | 2022 | | 2023 | | Постапено | | Отфрлени | | Надминат на друг начин | | Не доставиле одговори | | Постапено | | Отфрлени | | Надминат на друг начин | | Не доставиле одговори | |
| | | Судир | Корупција | Судир | Корупција | Судир | Корупција | Судир | Корупција | Судир | Корупција | Судир | Корупција | Судир | Корупција | Судир | Корупција | Судир | Корупција | Судир | Корупција | Судир | Корупција |
| 1 | ОЈО | 3 | 15 | | 12 | 1 | 28 | | 7 | 3 | 3 | | 1 | | 16 | | 12 | | 1 | | | 1 | 16 |
| 2 | Влада на РСМ | 2 | 9 | | 2 | | 8 | 1 | 6 | | 2 | 1 | 2 | | 1 | | 3 | | 1 | | | | 4 |
| 3 | Градоначалници | 6 | 6 | | | | 0 | 2 | 3 | 2 | 1 | | 1 | 2 | 1 | | | | | | | | |
| 4 | Други | 3 | 2 | 1 | 2 | 3 | 0 | 2 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | | 1 | 1 | | 1 | | | | 1 | |
| 5 | МВР | | 1 | | | | 0 | | 1 | | | | | | | | | | | | | | |
| 6 | Инспекциски служби | 1 | 3 | 1 | 1 | 1 | 2 | 2 | 4 | | | | | | | | | | 1 | 1 | | | 1 |
| 7 | Министерство за здравство | 4 | 3 | | | 1 | 1 | | 1 | | | | 1 | 1 | 3 | | | | | | | 1 | 1 |
| 8 | Министерство за култура | 1 | | | | | 0 | 1 | | | | | | | | | | | | | | | |
| 9 | Министерство за образование | | 3 | | | | 0 | | | | | | | | 3 | | | | | | | | |
| 10 | Министерство за труд и социјална политика | | | | 1 | | 2 | | | | | | | | 1 | | | | | | | | 2 |
| 11 | Министерство за одбрана | | | 1 | | | 0 | | | | | | | 1 | | | | | | | | 1 | |
| 12 | НО и УО и Училишни одбори | 10 | 1 | 5 | | 3 | 3 | 8 | | 7 | 1 | | | | | 2 | 1 | 1 | | | | | 2 |
| 13 | Совет на јавни обвинители | | | | | | 2 | | | | | | | | | | | | | | | | 2 |
| 14 | Вишо Јавно обвинителство | | | | | | 1 | | | | | | | | | | 1 | | | | | | |
| 15 | Комисија за заштита од конкуренцијата | | | | | | 1 | | | | | | | | | | | | | | | | 1 |
| 16 | Министерство за правда | | | | | | 2 | | | | | | | | | | 2 | | | | | | |
| 17 | Регулаторна комисија за енергетика | | | | | | 1 | | | | | | | | | | | | | | | | 1 |
| 18 | Совети на ЕЛС | | | | | | 1 | | | | | | | | | | | | | | | | 1 |
| 19 | Судски Совет | | | | | | 2 | | | | | | | | | | 1 | | | | | | 1 |
| 20 | Управа за финансиска полиција | | | | | | 1 | | | | | | | | | | | | | | | | 1 |
| 21 | Управа за јавни приходи | | | | | | 1 | | | | | | | | | | | | | | | | 1 |
| | **Вкупно** | 30 | 43 | 8 | 18 | 9 | 56 | 16 | 23 | 13 | 8 | 2 | 6 | 4 | 26 | 3 | 19 | 2 | 3 | 1 | 0 | 4 | 30 |
| | **Вкупно** | 73 | | 26 | | 65 | | 39 | | 21 | | 8 | | 30 | | 22 | | 5 | | 1 | | 34 | |

### 3.2. Постапувања во случаи за сомнежи за корупција

Корупцијата е злоупотреба на функцијата, јавното овластување, службената должност или положба за остварување на корист, директно или преку посредник, за себе или за друг

ДКСК по сопствена иницијатива, информации од медиуми (допрен глас) или по пријави од граѓани, правни субјекти, граѓански организации, отвора и постапува по предмети со сомнежи за корупција.

Согласно член 23 од ЗСКСИ, за целосно утврдување на фактичката состојба, ДКСК бара податоци и информации од надлежни институции, правни и физички лица кои се должни да ги достават најдоцна во рок од 15 дена од денот на добивањето на барањето. Не постапувањето на одговорните лица по барањата на ДКСК е основ за изрекување санкција за истите.

Исто како и претходните години и во 2023 година ДКСК доби голем број пријави со сомнеж од корупција или сомнежи за незаконски дејствија од страна на службени и одговорни лица во јавниот сектор. Состојбата на примени пријави е прикажана во Табела 7.

Табела 7: Преглед на примени пријави и оформени предмети

| **Оформени предмети** | **Број на евидентирани предмети** | |
|---|---|---|
| | **2023** | **2022** |
| Сопствена иницијатива | 13 | 20 |
| Пријави од граѓани | 549 | 563 |
| **Вкупно:** | **562** | **583** |

Во Графикон 4, согласно податоците обезбедени од интерната евиденција на ДКСК, прикажани се областите со најголем број на пријави со наводи за незаконски или коруптивни елементи од страна на службени лица во јавниот сектор, како и областите за кои ДКСК по сопствена иницијатива има формирано предмети:




Графикон 5

Во Графикон 6 пак е прикажано на кои проблеми се упатени наводите од доставените пријави, односно формираните предмети по сопствена иницијатива




Графикон 6

Постапувајќи по предмети од областа на корупцијата, ДКСК во текот на 2023 година донесе одлуки постапувајќи по 1074 предмети на начин прикажан во Табела 8.

Табела 8: Состојба одпостапувања по предмети од областа на корупцијата

| Постапувања на ДКСК | 2023 | 2022 |
|---|---|---|
| Број на решени предмети | **1139** | **560** |
| Донесени заклучок *за припојување на предмети (исти наводи); пренесено за постапување во друга организациона единица* | 65 | 51 |
| **Донесени одлуки** | **1074** | **509** |
| ○ *Отфрлени пријави – ненадлежност за постапување или нема доволно елементи за постапување* | 495 | 209 |
| ○ *Пријавата се доставува на други органи на надлежно постапување* | 76 | 67 |
| ○ *Запирање на постапката – наводите не се потврдени* | 503 | 232 |
| ○ *Поништена одлука* | 0 | 1 |
| **Предмети по кои се преземани конкретни мерки** | **56** | **18** |
| Поднесени иницијативи до ОЈО | **28** | **12** |
| - *Прифатени иницијативи* | - | - |
| - *Отфрлени иницијативи* | 1 | 1 |
| - *Постапувањето е во тек* | 27 | 11 |
| **Иницијатива до надлежните институции за утврдување одговорност на раководни и службени лица** | **28** | **6** |
| ➢ *Прифатени иницијативи* | 7 | 1 |
| ➢ *Отфрлени инцијативи* | 3 | 2 |
| ➢ *Постапувањето на институциите сеуште е во тек* | 18 | 3 |
| **Други иницијативи и барања произлезени од предмети** | **24** | **5** |
| **Доставени препораки за преземање на конкретни мерки до институции** | **22** | **12** |
| **Укажувања** | **13** | **2** |

Одлуките за отфрлање на 495 пријави поради ненадлежност за постапување на ДКСК во најголем број се однесуваат за пријави поврзани со:

- изразено незадоволство од донесени судски пресуди како од основните така и од повисоките судови, па незадоволството од донесената одлука се поврзува со коруптивна позадина,
- сомневања за незаконитости при носење на решенија за градење на објекти, при донесувањето на детални урбанистички планови или нивни измени,
- сомневања за незаконитости при спроведување на приватизација, односно денационализација на приватно земјиште,
- наводи кои се упатени кон лица кои согласно член 8 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси не се службени лица,
- пријави за кои ДКСК претходно постапувала и има донесно одлуки.

За 76 предмети ДКСК донесе одлуки пријавите или заедно со целосно обезбедните докази од постапувањето да се достават на други органи за нивно надлежно постапување од причина што ДКСК нема силни механизми за потврдување на одделни настани или обезбедување докази од други поврзани извори. Со овие одлуки, ДКСК го делегира постапувањето најчесто пред Судски Совет на РСМ, Совет на јавни обвинители на РСМ, Управа за финанска полиција, Управа за финансиско разузнавање, Управа за јавни приходи, ресорни министерства по пријави за незаконски постапувања во одделни комори и слично.

Бројот на донесени одлуки за запирање на постапките – 503, се резултат на постапувањата на ДКСК по пријави за кои од институциите се обезбедени потребните докази за утврдување на фактичката состојба по искажаните наводи. Дел од постапките се запрени поради непотврдени наводи, за дел од нив поднесени со соодветни иницијативи, а за дел дадени препораки и укажувања кон институции за намалување на ризиците од корупција во анализираните постапки.

Според податоците на ДКСК, најголем број на пријави со сомневања за незаконитости во постапките се однесуваат на:

- Вработувања: исто како и во претходни години, вработувањето претставува најгорливо прашање на граѓаните каде дискреционите овластувања на одговорните лица за одлучување и избор на кандидати преовладува над утврдениот систем на вредување на образование, искуство и компетентност,
- Злоупотреба на „Балансерот" од страна на кандидатите при вработувањата,
- Незаконитости во постапките за унапредување во повисоки научно-наставни звања од страна на факултетите,
- Узурпација на јавен простор, градби во заштитени подарчја или Национални паркови,
- Сомневања за подготвени тендерски документации и тендерски спецификации кои фаворизираат одделни компании.

ДКСК нема механизми за преземање мерки за запирање на овие појави, казнување на одговорни лица, или покренување на постапка пред надлежните судови пред се поради системски слабости во материјалните закони, но и поради неказнивост на појавите.

***Поднесени иницијативи до Основно јавно обвинителство***

Согласно член 17 став 1 алинеја 5 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, ДКСК покренува иницијатива за поведување постапка за кривично гонење во предметите по кои постапува. Од предметите по кои ДКСК постапуваше во текот на 2023 година, а врз основа на сомневање за незаконити постапувања, казниви согласно одредбите од Кривичниот закон, поднесени се 28 иницијативи до надлежните јавни обвинителства. Основот за поднесување на овие иницијативи, спроведените активности како и одговорот на надлежните обвинителства се прикажани во Прилог 1 кон овој Извештај.

ДКСК поднесе неколку иницијативи до надлежни јавни обвинителства за состојба која се појавува со години station наназад: повеќекратно, континуирано бирање или именување на исти лица за В.Д. директори на јавни претпријатија, јавни здравствени установи, културни центри и слично спротивно на начините на избор предвидени со одделни материјални закони и преку злоупотреба на службената положба и овластување овозможено е именување на блиски лица, партиски лица без да се води грижа на стручните и професионалните компетенции.

***Поднесени иницијативи до надлежните институции за утврдување одговорност на раководни и службени лица***

Согласно член 17 став 1 алинеја 4 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, ДКСК покренува иницијатива пред надлежните органи за поведување постапка за утврдување на одговорност на службени лица. Од предметите по кои ДКСК постапуваше во текот на 2023 година, а врз основа на сомневање за заштита на лични интереси, постоење на непотизам, кронизам и клиентелизам, повреда на етички Кодекси и слично, ДКСК поднесе 28 иницијативи пред надлежните органи за поведување постапка за утврдување на одговорност на службени лица, врз основа на обезбедените докази по предмети по кои постапуваше. Основот за поднесување на овие иницијативи, спроведените активности како и одговорот на надлежните институции се прикажани во Прилог 2 кон овој Извештај.

***Дадени препораки и укажувања***

Постапувајќи по конкретни предмети, ДКСК препозна состојби кои можат да создадат ризик од корупција, нарушување на принципите на доброто владеење, владеење на правото и личниот и институционален интегритет при вршењето на јавните овластувања.

За да се обезбеди доверба на граѓаните во вршењето на јавните функции и во работата на јавните институции, односно обезбедување на непристрасно однесување на службените и одговорните лица во институциите, ДКСК упати препораки и укажувања до неколку институции за преземање на конкретни дејствија за надминување на констатираните состојби и тоа: 22 Препораки и 13 Укажувања. Основот за упатените препораки и укажувања, спроведените активности како и одговорот на надлежните институции се прикажани во посебен прилог документ –Прилози 3 и 4 кон овој Извештај.

### 3.3. Постапување во случаи на судир на интереси

**Член 72 од ЗСКСИ**

(1) Службеното лице во своето работење, е должно да внимава на потенцијален судир на интереси и да преземе мерки за негово одбегнување.

(2) Во случај на сомневање за постоење судир на интереси, службеното лице е должно да ги преземе сите неопходни мерки за да го спречи влијанието на неговиот приватен интерес или приватниот интерес на друго лице врз извршувањето на неговите овластувања и должности и за тоа да го извести својот претпоставен.

Зголемената сензибилност на јавноста во однос на ова прашање придонесе за зголемен број пријави на сите облици на судир меѓу јавниот и приватниот интерес што е најмногу изразено при вработувањата во јавниот сектор како што се непотизам, кронизам, клиентелизам, политичко и партиско влијание. Во Табела 9 прикажани се состојбите во однос на примени пријави со наводи за постоење на судир на интереси во последните три години.

Табела 9: Примени пријави и евидентирани предмети

| **Оформени предмети** | **Број на евидентирани предмети** | |
|---|---|---|
| | **2023** | **2022** |
| Сопствена иницијатива | 57 | 27 |
| Пријави од граѓани | 64 | 118 |
| **Вкупно:** | **121** | **145** |

Согласно потадоците обезбедени од интерната евиденција на ДКСК, најголем број на пријави со наводи за постоење на судир на интереси се однесуваат на области прикажани во Графикон 7:




Графикон 7

Во однос на постапувањата по пријавите од областа на судирот на интереси, ДКСК донесе одлуки по 146 предмети прикажани во Табела 10.

Табела 10: Постапувања од областа на судир на интереси

| Постапувања на ДКСК | 2023 | 2022 |
|---|---|---|
| Предмети со наводи за судир на интереси | 121 | 145 |
| Донесени одлуки | 146 | 161 |
| - **Непотврдени наводи** | | **46** |
| - **Отфрлени – ненадлежност на ДКСК** | **12** | **21** |
| **Констатирана состојба на судир на интереси и донесени одлуки** | **-** | **3** |
| - Постапено по препораки на ДСКС за отстранување на судир на интереси | - | - |
| - Постапувањето на лицата е во тек | - | 3 |
| **Поднесени иницијативи за одговорност на службени лица поради постоење на судир на интереси** | **8** | **6** |
| - Прифатени иницијативи | 5 | 2 |
| - Постапувањето на институциите е во тек | | 4 |
| **Поднесени иницијативи за разрешување на службени лица поради постоење на судир на интереси** | **-** | **2** |
| - Прифатени иницијативи | | 2 |
| - Постапувањето на институциите е во тек | | **-** |
| Доставени укажувања до други институции за постапување по потврдени наводи за постоење судир на интереси | | |
| **Доставени иницијативи за поведување постапка за кривично гонење на одговорни службени лица** | **1** | **-** |
| - Прифатени иницијативи | | - |
| - Отфрлени иницијативи | | - |
| **Изречена јавна опомена** | **-** | **-** |
| Поднесени прекршочни платни налози за непостапување по утврдените состојби на судир на интереси | 73 | 37 |
| Платени платни налози | 49 | 29 |
| Поднесено барање на прекршочна постапка поради неплаќање на платни налози | 20 | 3 |
| Доставени барања за мислење | 66 | 88 |
| Дадени мислења | 66 | *87* |

Од областа на судир на интереси на веб страната на ДКСК објавени се вкупно 146 одлуки донесени на седници на ДКСК.

***Поднесени иницијативи до надлежни институции за утврдување одговорност на службени лица***

ДКСК поднесе 8 иницијативи пред надлежните органи за поведување постапка за утврдување на одговорност на службени лица поради прекршување на одредби од ЗСКСИ, односно поради неизземање и непријавување на приватен интерес од страна на службените лица во постапки за

вработување на блиско лице, вршење надзор во правни лица каде службеното лице имало приватен интерес, учество во расправа кога се работело за интерес на блиско лице и сл.

Исто така, ДКСК поднесе една иницијатива за кривично гонење на службено лице – градоначалник по предмет поврзан со незаконско именување на в.д. директор во основно училиште а поради постоење на приватен интерес.

Основот за поднесување на овие иницијативи, спроведените активности како и одговорот на надлежните институции се прикажани во Прилог 5 кон овој Извештај.

***Проверка на изјавите за интереси***

Избрано или именувано лице, одговорно лице во јавно претпријатие, јавна установа или друго правно лице што располага со државен капитал, нотар, извршител, административен службеник од категоријата А утврдена со закон или лице вработено во кабинетите на претседателот на Република Македонија, претседателот на Собранието на Република Македонија, потпретседателите на Собранието на Република Македонија, претседателот на Владата на Република Македонија, замениците на претседателот на Владата на Република Македонија, министрите и генералниот секретар на Владата на Република Македонија, заради извршување на работни задачи на посебен советник, при изборот, именувањето назначувањето, односно вработувањето, а најдоцна во рок од 30 дена од денот на изборот, именувањето, назначувањето односно вработувањето поднесува изјава за имотна состојба и интереси.

Изјавата за интереси поднесена од горенаведените лица содржи информација за јавните овластувања и должности на истите лица и за членовите на нивните семејства, како и извршување на дополнителни јавни овластувања и должности, трговски друштва и статус на самите лица во тие друштва, здруженија на граѓани и фондации и статус на лицата во истите.

Во текот на 2023 година од поднесените 600 образци изјави за интереси извршена е редовна административна проверка на 300 изјави за интереси

Табела 11: Поднесени изјави за судир на интереси

| Година | 2023 | 2022 |
|---|---|---|
| Број на поднесени изјави | 600 | 1276 |

До надлежни органи поради постоење на потенцијален судир на интереси доставени се 11 укажувања со цел превенција и спречување натамошни ситуации на појава на реален судир на интереси.

### 3.4. Следење на законитоста на финансирањето на политички партии и изборни кампањи

Во текот на 2023 година немаше изборен процес во РСМ, така што ДКСК постапуваше по преостанатите 2 (два) предмети по пријави во врска со изборни нерегуларности за Локалните избори 2021 година за кои донесе соодветни одлуки.

ДКСК во текот на 2023 година оформи и постапи по предмет согласно надлежностите утврдени во член 31 од ЗСКСИ кој се однесува на следење на финансирањето на една политичка партија. За предметот е донесена одлука постапката да се запре и да се достави на надлежно

постапување до Државниот завод за ревизија. (овој предмет е содржан во податоците од областа за спречување на корупцијата.)

### 3.5. Евидентирање и следење на имотната состојба

**Член 17 од ЗСКСИ: Надлежности на ДКСК**

(10) Ја евидентира и следи имотната состојба и интересите во постапка согласно со овој закон;

(11) Пропишува образец на изјавите за имотната состојба и интересите;

(12) Врши проверка на податоците од изјавите за имотната состојба и интересите;

(13) Соработува со други државни органи во обезбедување на потребните информации;

Овие надлежности ДКСК ги реализира со прибирање, евидентирање и анализирање на податоците од образецот – Изјава за имотна состојба и судир на интереси кој треба да биде електронски достапен и поднесен. Периодот за донесување на новиот образец – Изјава за имотна состојба и судир на интереси, е 60 дена од денот на конституирањето на составот на ДКСК, односно 08.04.2019 година (член 119 од ЗСКСИ). До тогаш во примена ќе бидат старите акти[1].

Иако образецот - Изјава за имотна состојба и судир на интереси ДКСК го пропиша во законскиот рок, во отсуство на апликативен софтвер за негово електронско поднесување и во 2023 година ДКСК не беше во можност да го имплементира. Во Октомври 2021 година, Делегацијата на Европската Унија ги обезбеди потребните средства и избра ИТ компанија, така што периодот во 2022 година беше период на интензивен развој на софтверското решение, а во 2023 беа обезбедени неопходните механизми за заштита на личните податоци при процесите на import/export и процесот на обработка. Овој софтвер започне да се имплементира од 1 јануари 2024 година.

Поради наведените состојби и околности, податоците за имотната состојба, избраните и именуваните лица се уште ги поднесуваат обрасците пропишани со старите законски решенија. Нотарите и извршителите се уште не доставуваат податоци за својата имотна состојба и интереси пред се поради тоа што согласно преодните одредби на ЗСКСИ, оваа обврска треба да ја исполнат согласно ново пропишаниот образец.

Во текот на 2023 година до ДКСК се доставени вкупно 1377 обрасци за имотна состојба прикажани во Табела 12.

[1] Член 119 став 2 од ЗСКСИ: До донесување на подзаконските акти утврдени со овој закон, ќе се применуваат постојните подзаконски акти донесени согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата („Службен весник на Република Македонија“ број 28/2002, 46/2004, 126/2006, 10/2008, 161/2008, 145/10, 97/15 и 148/15) и Законот за спречување на судир на интереси („Службен весник на Република Македонија” број 70/2007, 114/2009, 6/12 и 153/15).

Табела 12: Преглед на поднесени анкетни листови

| Основ за поднесување на анкетни листови | 2023 | 2022 |
|---|---|---|
| По избор/именување на функција | 808 | 2836 |
| По престанок на функција | 74 | 1306 |
| За промена на имотна состојба | 495 | 281 |
| **Вкупно** | **1377** | **4423*** |

* Големиот број на поднесени анкетни листи во 2022 година е резултат на одржаните локалните избори од 2021 година, кои во текот на 2022 година предизвикаа голем број именувања и разрешувања

ДКСК континуирано ги обработува ново поднесените анкетни листови и ги ажурира податоците за промена на имотната состојба, така што на својата WEB страница (www.dksk.org.mk) во 2023 година се објавени податоци од анкетни листови за 10633 избрани и именувани лица.

### 3.6. Проверка на податоците од изјавите за имотната состојба и интереси

Државната комисија е надлежна да врши проверка на податоците од Изјавата за имотната состојба и интересите во случаи кога постапува по конкретен предмет (член 92 од ЗСКСИ), како и врз основа на годишен план за следење на имотната состојба и судир на интересите (член 19 од ЗСКСИ). Во јануари 2023 година беше усвоен Годишен план за следење на имотна состојба и судир на интереси со кој беше предвидена проверка на податоците за имотната состојба и судирот на следните категории функционери:

- Обвинители –5
- Судии – 5;
- Пратеници – 6 и
- Носители на јавни функции во Влада на РСМ -5.

Постапувањата по предметите за селектираните функционери се во тек поради должината на периодот за обезбедување на потребната документација од различни институции и соодветна анализа.

За реализација на планираните проверки, ДКСК обезбедува информации и податоци од Агенцијата за катастар на недвижности, Министерството за внатрешни работи, Централниот депозитар за хартии од вредност, Управата за јавни приходи и Централниот регистар на Република Северна Македонија. Доколку се утврди потреба, ДКСК обезбедува информации и податоци од финансиските институции во Република Северна Македонија. При обезбедувањето на информации и податоци, освен од Централниот регистар на РСМ и од Агенцијата за катастар на недвижности во чиј дистрибутивен систем ДКСК има непосреден електронски пристап, податоците од останатите институции се прибираат во печатена форма што го отежнува и забавува процесот на проверка на податоците од поднесените анкетни листови.

ДКСК континуирано врши проверка дали избраните и именуваните лица постапиле согласно законските обврски и во рок од 30 дена од нивно именување, односно разрешување доставиле Изјава за имотната состојба и интересите. Исто така, ДКСК, врз основа на доставени пријави, но и по сопствена иницијатива оформи предмети за проверка на вистинитоста на податоците во

анкетните листови доставени од избрани и именувани лица. Ефектот од постапувањето на ДКСК во периодот од 01.01.2023 до 31.12.2023 година е прикажан во Табела 13.

Табела 13: Преглед на предмети оформени по член 82, 85 и 82 од ЗСКСИ

| Основ за постапување | 2023 | | | 2022 | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Сопствена иницијатива | По пријави | Вкупно | Сопствена иницијатива | По пријави | Вкупно |
| Не поднесување/не навремено поднесување на анкетни листови/обрасци за промена на имотна состојба - член 82 или 85 | 12 | 15 | 27 | 17 | 6 | 23 |
| Проверка на податоци од анкетни листови – член 92 | 21 | 21 | 42 | 9 | 11 | 20 |
| Годишен план за следење на имотната состојба и интереси за 2022 година | 21 | - | 21 | 54 | - | 54 |
| **Вкупно:** | **54** | **36** | **90** | **80** | **17** | **97** |

По спроведената административна проверка на дел од доставените изјави ДКСК:

- издаде 120 прекршочни платни налози од кои:
  - ✓ 118 прекршочни платни налози се однесуваат за неподнесување или ненавремено поднесување на Изјавата согласно роковите предвидени во член 82 од ЗСКСИ и
  - ✓ 2 прекршочни платни налози се однесуваат за непријавување на зголемување на имотот спротивно на член 85 од ЗСКСИ.
- Донесени се 253 одлуки за запирање на постапката поради надминување на состојбите, односно платена глоба, или поради натамошно постапување на Прекршочната комисија на ДКСК.
- Поднесени се 27 барања до Прекршочната комисија на ДКСК за поведување прекршочна постапка поради не плаќање на изречената глоба.

По еден предмет поднесено е известување до ОЈО за надлежно постапување, а за останатите предмети, проверката на податоците е во тек.

### 3.7. Регистар на избрани и именувани лица

**Член 17 од ЗСКСИ: Надлежности на ДКСК**
(20) Води регистар на избрани и именувани лица;

ДКСК води Регистар на избрани и именувани лица како единствена база на податоци за избрани или именувани лица, одговорно лице во јавно претпријатие, јавна установа или друго правно лице што располага со државен капитал, нотар, извршител, административен службеник од категоријата А утврдена со закон или лице вработено во кабинетите на претседателот на РСМ, претседателот на Собранието на РСМ, потпретседателите на Собранието на РСМ, претседателот на Владата на РСМ, замениците на претседателот на Владата на РСМ, министрите и генералниот

секретар на Владата на РСМ, заради извршување на работни задачи на посебен советник, при изборот, именувањето, назначувањето, односно вработувањето (член 89 од ЗСКСИ).

Регистарот се ажурира на дневна основа со податоците што овластени лица од институциите кои имаат надлежност да вршат избори и именувања ги доставуваат до ДКСК и тоа во рок од 15 дена од нивниот избор, именување, односно престанок на функцијата.

Од воспоставувањето на регистарот[2] до 31 декември 2023 година, внесени се податоци за 11.554 актуелни и поранешни избрани и именувани лица. Ова не ја претставува точната бројка на избрани и именувани лица поради фактот што голем број институции кои вршат именување и разрешување не ја исполнуваат обврската за известување кон ДКСК. Од таа причина ДКСК не располага со реални и точни податоци за бројот на избрани и именувани лица, дали истите сеуште активно ја извршуваат функцијата или им престанал мандатот, дали е извршен реизбор и слично.

Ажурноста на Регистарот на избрани и именувани лица е од огромна важност за ДКСК заради остварување на другите надлежности поврзани со евидентирањето и следењето на имотната состојба и интересите и проверка на податоците од изјавите за интереси. Во текот на 2022 година со поддршка од ЕУ, преку ИПА 2 проектот, за потребите на ДКСК започна да се развива интегрирано софтверско решение со повеќе поврзани модули. Основниот модул на овој софтвер треба да воспостави и обезбеди единствен регистар на актуелни избрани, именувани или назначени лица, врз основа на податоци кои ќе бидат генерирани, односно ажурирани од страна на лица со пристап до овој регистар овластени од страна на институциите кои вршат избор, именување односно назначување.

Модулот за регистар на актуелни избрани, именувани или назначени лица да започна да се применува од 15.02. 2023 година.

### 3.8. Водење прекршочни постапки

Со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, ДКСК има зголемени и зајакнати надлежности во спречувањето и корупцијата и судирот на интереси, но и механизми за санкционирање на избраните, именуваните и службените лица во случаи на постапување спротивно на законските одредби. Согласно член 114 од ЗСКСИ, за утврдените прекршувања на одредбите од законот, прекршочната постапка ја води и прекршочни санкции изрекува Прекршочната комисија во ДКСК која се бира од редот на овластени службени лица во Секретаријатот со соодветен степен и вид на стручна подготовка и потребно работно искуство, од кои најмалку еден од членовите е дипломиран правник со положен правосуден испит.

Прекршочна постапка се води согласно Законот за прекршоците и пред поднесување на барање за поведување на постапката, се спроведува постапка на порамнување со издавање на прекршочен платен налог. Овластените службени лица водат евиденција за издадените прекршочни платни налози и за исходот на поведените постапки. Формата и содржината на прекршочниот платен налог ги пропишува Државната комисија.

Во извештајниот период овластените службени лица во ДКСК издадоа 160 прекршочни платни налози (во вкупен износ од 47.500 евра во денарска противвредност), од кои 120 се за прекршоци утврдени со член 82 и 85 од ЗСКСИ, односно за не поднесување анкетен лист, изјава за интереси или образец за пријавување промени на имотната состојба. Во 88 случаи од страна на

[2] Регистарот е воспоставен во 2016 година

сторителите е постапено по издадените платни налози и во законски утврдениот рок платена е половина од изречената глоба.

Поради не подмирување на глобата во рокот утврден во платниот налог, од овластените лица во ДКСК поднесени се 49 барања за поведување на прекршочна постапка за сторен прекршок. По поднесените барања за поведување на прекршочна постапка, заклучно со 31.12.2023 година, од страна на Прекршочната комисија во ДКСК донесени се 31 решенија со кои е изречена прекршочна санкција глоба (во вкупен износ од 10.100 евра во денарска противвредност), едно (1) решение со кое е изречено прекршочна санкција Опомена, пет (5) решенија за ослободување од одговорност, осум (8) решенија со кои се запира прекршочната постапка поради откажување на подносителот на барањето и две (2) решенија со кои се отфрла барањето за поведување на прекршочна постапка. Во седум (7) случаи е вратено барањето за поведување на прекршочната постапка со цел спроведување постапка за порамнување согласно со закон. За останатите предмети постапката е во тек.

Против пет (5) решенија на Прекршочната комисија, од страна сторителите поднесени се тужби до Управен суд на РСМ.

По основ на водените постапки за порамнување по сите основи наплатените се глоби во износ од 13150 евра во денарска противвредност.

Табела 14: Постапувања на прекршочна комисија во 2023 година

| Основ за прекршочна постапка | 2023 | 2022 |
|---|---|---|
| Неподнесување/ненавремено поднесување на Изјава за имотната состојба и непријавување на зголемување на имот членови 82 и 85 од ЗСКСИ | 120 | 375 |
| Кумулација на функции, Непријавување на судир на интереси | 40 | 28 |
| Платени глоби | 88 | 243 |
| **Наплатени глоби во Буџет на РСМ во денари** | **811,355** | **2.430.400** |
| Поведени прекршочни постапки | 49 | 66 |
| - Изречена санкција - глоба | 31 | 40 |
| - Изречена санкција - опомена | 1 | 3 |
| - Ослободување од одговорност | 5 | 3 |
| - Повторено барање за поведување постапка со порамнување | 7 | 3 |
| - Запирање на прекршочна постапка по барање на ДКСК | 8 | 3 |
| - Отфрлено барање | 2 | 2 |
| - Поднесени жалби до второстепена комисија | | |
| - Поднесени тужби до Управен суд | 5 | 14 |

### 3.9. Антикорупциска проверка на закони и подзаконски акти

**Член 17 од ЗСКСИ: Надлежности на ДКСК**
( 2) Спроведува антикорупциска проверка на закони, подзаконски акти и други општи акти, согласно со методологија која ја донесува

Антикорупциската проверка на легислативата - АПЛ е препознаена како силна превентивна мерка поради што ДКСК во посебна постапка, ангажман, обврска и експертиза, го изразува своето мислење за сите нацрт текстови на закони во подготовка кои се доставуваат до ДКСК заради добивање на мислење. Антикорупциската проверка на легислативата е клучен превентивен антикорупциски механизам со кој се придонесува за навремено пресретнување и превенирање на евентуални точки на ранливост и ризик од корупција и судир на интереси во правните норми.

Во насока на остварување на оваа цел, Деловникот за работа на Владата на Република Северна Македонија, односно член 68 став 1 точка 13 предвидува обврска за сите министерства и органи на државната управа, задолжително да ги доставуваат на мислење до ДКСК предлог законите кои подлежат на ПВР. Сепак, може да се констатира дека оваа одредба од Деловникот на ВРСМ, и во 2023 многу малку или може да се каже воопшто не се почитува од страна на надлежните министерства.

Антикорупциска проверка на легислативата се врши според Годишен план, по сопствена иницијатива на ДКСК, кога од постапувања по одредени предмети произлегуваат недоречености, за што се изготвува извештај за АПЛ и по барања досатвени од разни органи за што за издава мислење.

Во 2023 година спроведена е антикорупциска проверка на следните закони:

- Закон за средното образование ( ,,Службен весник на Република Македонија" бр. 44/1995, 16/1996, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 41/2001, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 78/2003, 67/2004, 51/2005, 55/2005, 113/2005, 3/2006,35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 88/2009, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016, 127/2016, 67/2017, 64/2018 и ,,Службен весник на Република Северна Македонија" бр.229/2020),
- Одредби од Закон за извршување на санкциите (,,Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 99/2019, 220/2019 и бр.236/2022);
- Закон за финансиската инспекција во јавниот сектор (,,Службен весник на Република Македонија" бр. 82/2013, 43/201, 153/2015, 164/2018, и ,,Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 122/2021);
- Одредби од Законот за инвалидски организации (,,Службен весник на Република Македонија" бр. 89/2008, 59/2012, 23/2013, 150/2015, 27/2016 и ,,Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 317/2020 );
- Закон за индустриски и зелени зони (,,Службен весник на Република Македонија" бр 119/2013, 160/2014, 173/201 и бр.192/2015);
- Закон за бесплатна правна помош, (,,Службен весник на Република Северна Македонија" бр 101/2019);
- Извештај за антикорупциска проверка на Законот за Државното правобранителство (,,Службен весник на РМ'' бр.87/07,167/2010 и 104/2015).
- Предлог Закон за системот на плати во јавниот сектор објавен на ЕНЕР.
- По однос на детектирани законски слабости и празнини во постапките за именување и разрешување на директори - вршители на должноста и привремени вработувања во јавните институции, ДКСК изврши антикорупциска проверка на легислативата на одредби од неколку поврзани закони:
    - Законот за културата (,,Службен весник на РМ'' бр. 31/1998, 31/1998, 49/2003, 2/2005, 24/2007, 15/2008, 116/2010, 47/2011, 51/2011, 136/2012, 23/2013, 187/2013, 44/2014, 61/2015, 154/2015, 39/2016, 11/2018, и бр. 11/2018),
    - Законот за вработените во јавниот сектор, (,,Службен весник на РМ'' бр. 27/20127/2014, 199/2014, 27/2016, 35/2018, 198/2018, и ,,Службен весник на РСМ'' бр.143/2019 и 14/2020),
    - Закон за инспекциски надзор, (,,Службен весник на РСМ'' бр. 102/2019), Закон за прекршоците (,,Службен весник на РСМ'' бр. 96/2019) и
    - Закон за агенциите за привремени вработувања, (,,Службен весник на РМ'' бр. 49/2006, 102/2008, 145/2010, 136/2011, 13/2013, 38/2014, 98/2015, 147/2015 и бр. 27/2016),
- Антикорупциска проверка на легислативата кој се однесува на прописите за доделување на државни стипендии односно финансирање на научно истражувачки кадри
- Закон за спорт за локална самуправа и трговски друштва („Службен весник на Република Македонија" бр. 29/2002, 66/2004, 81/2008, 18/2011, 51/2011, 64/2012, 148/2013, 187/2013, 42/2014, 138/2014, 177/2014, 72/2015, 153/2015, 6/2016, 55/2016,

61/2016, 106/2016 и 190/2016 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 98/2019 и 244/2019)

- член 164 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на РМ" бр. 43/2012,145/2012,65/2013,87/2013,164/2013,39/2014,43/2014,101/2014,132/2014,188/2014,10/2015, 61/2015,154/2015,192/2015,17/2016,37/2016,93/2017, „Службен весник на РСМ" бр 20/2019, 101/2019, 153/2019, 180/2019, 275/2019, 77/2021, 122/2021, 178/2021, 150/2022, 236/2022, 199/2023, 236/2023, 263/2023)
- Закон за ревизија („Службен весник на Република Македонија" бр.158/2010, 135/2011, 188/2013, 43/2014, 138/2014, 145/2015, 192/2015, 23/2016 и 83/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.122/2021).
- Антикорупциска проверка на легислативата на законска регулатива од областа на Урбанизмот-Охридско Езеро
- членовите 20, 21, 22, 23 и 24 на Законот за адвокатурата („Службен весник на Република Македонија" број 199/2023 година )

Исто така, ДКСК по барања од надлежни институции даде мислење по:

- Нацрт законот за вработените во Министерството за одбрана ;
- Закон за изменување и дополнување на Законот за централен регистар;
- текстот на Предлог Законот за високо раководна служба;
- Предлог Закон за изменување и дополнување на Кривичен законик;
- Предлог Законот за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги;
- Предлог Закон за изменување и дополнување на Законот за земјоделско земјиште и
- Законот за заштитено пријавување и заштита на укажувачи.

Во Прилог 6 кон овој Извештај прикажани се постапувањата од надлежните органи во однос на прифаќања или неприфаќање на дадените препораки во Извештаите или Мислењата дадени од ДКСК.

Во рамките на ЕУ ИПА Проектот „Поддршка на државната реорганизација" - Компонента 2: Подобрување на рамката на дискреционите овластувања, во 2022 година беа изработени и објавени седум анализи на дискреционите овластувања во повеќе области од законодавството.

Беше очекувано надлежните институции во координација со Владата на РСМ во текот на 2022 и 2023 година да започнат со имплементација на препораките од спроведените анализи, а мониторингот на имплементацијата да го врши ДКСК. Во отсуство на информација дали Владата има изработено Акциски план со вградување на препораките за подобрување на правната рамка за дискрециони овластувања во националното законодавство, ДКСК во првиот квартал од 2023 година ја извести Владата на РСМ дека изработените извештаи ќе ги достави на запознавање на надлежните институции. Истовремено, со информирањето доставувањето на извешаите до надлежните институции, ДКСК ги извести за потребата од квартално известување за степенот на спроведување на препораките содржани во истите. Како одговор, од Министерство за правда е доставено Известување каде е наведено дека согласно Програмата за работа на Владата на РСМ за 2023 година и во Програмата за работа на Министерството за правда за 2023 година предвидено е донесување на нов Закон за судска служба. Во Министерството е формирана работна група која започнала со изготвување на текстот на новиот Закон за судска служба и ќе земат во предвид препораките и забелешките дадени во Анализите.

Преостанатите институции во предвидениот рок не доставија известувања за преземените активности во однос на подобрување на рамката на дискрециони овластувања, така што ДКСК повторно се обрати со Барање за информации за текот и статусот на преземените активности во

насока на спроведување на препораките од надлежност на министерствата. Само Министерството за животна средина и просторно планирање извести дека е постапено по дел од препораките.

### 3.10. Анализи за ризици од корупција во различни сектори

**Член 17 од ЗСКСИ: Надлежности на ДКСК**
(17) Подготвува анализи за ризици од корупција во различни сектори

Со поддршка од Мисијата на ОБСЕ во Скопје во партнерство со Здружението на судии на Република Северна Македонија и Здружението на јавните обвинители во Република Северна Македонија како поддршка на ДКСК и реализација на планирани активности со Националната стратегија за спречување на корупција и конфликт на интереси 2021 – 2025, во текот на 2022 година беше спроведена проценка на ризиците од корупцијата во правосудството, а извештајот беше јавно презентиран и објавен во јуни 2023 година. Анализата дава сеопфатно испитување на секојдневните ризици од корупција што често минуваат незабележани од креаторите на политиките во судовите и јавните обвинителства во Северна Македонија, но и мислењата на судиите во врска со судската независност и интегритет.

Во Табела 15 прикажани се најголемите препознаени ризици од корупција меѓу судиите и јавните обвинители во повеќе области.

Табела 15: Препознаени ризици во правосудството

| ОБЛАСТ НА РИЗИЦИ | ВИД НА РИЗИЦИ | СУДСТВО | ОБВИНИТЕЛСТВО |
|---|---|---|---|
| КОРУПЦИЈА | НАДВОРЕШНИ | Изготвување на несоодветни наоди и мислења од страна на вештаците | Изготвување на несоодветни наоди и мислења од страна на вештаците |
| | | Злоупотреби од страна на адвокатите за одолговлекување на постапката | Недостаток на соработка помеѓу јавните обвинителства и другите надлежни органи за откривање (МВР, УФР, УЈП, Царина, ...) во текот на претходната постапка |
| | | Низок квалитет на обвинителните акти | Злоупотреби на процесните права од страна на бранителите во текот на претходната постапка |
| | | Неетичко однесување на адвокатите кое кај странките и оштетените предизвикува впечаток за корупција | Протекување на доверливи информации во тек на претходната постапка од страна на органите со кои соработува јавното обвинителството |
| | | Блискост помеѓу јавни обвинители и адвокати која влијае врз постапките | Незаконито влијание врз сведоци од страна на одбраната |
| КОРУ | ВНАТ | Влијание на претседатели на суд преку годишниот распоред за работа на судот | Недоволна примена на институтот на<br>спогодување за видот и висината на |

| | | | |
|---|---|---|---|
| П<br>Ц<br>И<br>Ј<br>А | Р<br>Е<br>Ш<br>Н<br>И | | кривичната санкција од страна на јавното обвинителството |
| | | Блискост помеѓу судии и адвокати што влијае врз постапките | Недоволна контрола на предметното работење на пониските јавни обвинители од страна на повисоките јавни обвинители |
| | | Селективно ангажирање на бранители по службена должност | Распоредување на предмети спротивно на Правилникот за внатрешно работење од страна на Јавните обвинители на јавните обвинителства |
| | | Наклонетост на судот кон јавното обвинителство во фаза на претходна постапка | Блискост помеѓу судии и обвинители која влијае врз кривичната постапка |
| | | Блискост помеѓу судии и јавни обвинители која влијае врз постапките | Несоодветно влијание врз постапување по конкретни предмети од јавен обвинител од повисок степен на хиерархија |
| **ДИРЕКТЕН И ИНДИРЕКТЕН ПРИТИСОК, СУГЕСТИИ ИЛИ ОБИДИ ЗА ВЛИЈАНИЕ ВРЗ НЕЗАВИСНОСТА НА НИВНОТО РАБОТЕЊЕ** | **% НА ВЛИЈАНИЈА** | **СУДСТВО** | **ОБВИНИТЕЛСТВО** |
| | 46% | Колеги судии | |
| | 42% | Судии од повисок ранг (Претседател на судот, претседател или судии на повисоките судови) | Адвокати |
| | 36% | Претставници на политички партии | Претставници на извршната власт (Владата, Министерството за правда, Министерството за внатрешни работи, итн |
| | 37% | Адвокати | |
| | 35% | Претставници на бизнис секторот | Јавни обвинители од повисок ранг (шеф на јавно обвинителство и/или повисок надлежен јавен обвинител)<br>Колеги јавни обвинители |
| **СТАВОВИ КОН** | | **СУДСТВО** | **ОБВИНИТЕЛСТВО** |
| | | **СУДСКИ СОВЕТ** | **СОВЕТ НА ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ** |
| **НЕ СЕ СОГЛАСУВА + ВООПШТО НЕ СЕ** | 72% | Судскиот совет успешно се грижи за заштита на независноста на судството | |
| | 73% | За унапредување на судиите се применуваат критериуми кои се објективни, мерливи и правични | |
| | 65% | Начинот на избор на судии е објективен и транспарентен начин | |
| | 62% | Во пракса Судскиот совет во своето работење е независен орган | |
| | 57% | Дисциплинската постапка и постапката за утврдување на нестручно и несовесно вршење на | Составот и начинот на избор на членовите на Советот на јавни |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **СОГЛАСУВА** | | судиската функција се спроведуваат на објективен начин | обвинители ја гарантира неговата независност и непристрасност |
| | 56% | | Во практиката Советот на јавни обвинители своите одлуки ги донесува самостојно и независно |
| | 50% | | Советот на јавни обвинители успешно се грижи за заштита на самостојноста на обвинителството |

Во иднина, правосудните институции и сите релевантни актери треба да се концентрираат на намалувањето на институционалните ранливост и градењето организациска култура на отпорност и интегритет што ќе ги зајакне судиите и јавните обвинители да бидат целосно независни и самостојни во своето работење. Последователните препораки за идни јавни политики треба да се подготват преку широк и инклузивен консултативен процес, земајќи ги предвид утврдените состојби, со цел да се постигнат опипливи реформи и подобрен правосуден систем.

Извештајот од Проценета на ризиците од корупција во правосудството во Република Северна Македонија е достапен на веб страната на ДКСК [3]

### 3.11. Јакнење на личниот и институционален интегритет

**Член 17 од ЗСКСИ: Надлежности на ДКСК**
(18) Презема активности во насока на јакнење на личниот и институционалниот интегритет

Во текот на 2023 година, ДКСК продолжи со засилено темпо да ги реализира активностите за јакнење на личниот и институционалниот интегритет. Покрај законската надлежност за воспоставување и спроведување на елементите од системот на интегритет, оваа проблематика е застапена и во Националната стратегија за борба против корупцијата 2021 – 2025 и во Стратегијата за реформа на јавната администрација 2023-2030 година. Во насока на исполнување на законските надлежности и обврските утврдени со овие стратешки документи, ДКСК ефективно работи на имплементација на елементите на системот на интегритет во органите на централната власт, судската власт и во локалната самоуправа.

Освен соработка со институциите од трите нивоа на власт, ДКСК и во 2023 година продолжи со активностите во насока на континуирано јакнење на трите нивоа на интегритет: секторски, институционален и личен интегритет.

- ⇨ **Секторски интегритет** – јакнење на секторскиот интегритет преку поттикнување и следење на имплементација на мерките и активностите од Национална стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2021-2025. За ефикасно следење на реализацијата на активностите, ДКСК продолжи да ја користи алатката веб апликација за прибирање и анализа на податоците за степенот на имплементација на планираните активности доставени од надлежните институции. Новина во овој дел е донесување на Антикорупциска програма за јавните претпријатија и трговските друштва во државна

[3] https://dk/sk.mk/wp-content/uploads/2024/02/Procenka-na-rizicite-od-korupcija-vo-pravosudstvoto-vo-Severna-Makedonija.pdf

сопственост и сопственост на општините и градот Скопје 2024-2025 со акциски план, реализирана кон крајот на 2023 година, која беше реализирана со поддршка на Програмата за развој на Обединетите Нации (УНДП).

⇨ **Институционален интегритет** – Во првиот квартал на 2023 година ДКСК покани 157 институции од јавниот сектор, вклучени во билатералните скрининзи и воедно, институции кои се предвидени во новата Стратегијата за реформа на јавната администрација 2023-2030 година, да се вклучат во процесот на воведување на системот на интегритет. Така, заклучно со декември 2023 година системот на интегритет започна да се воведува во:

- 71 институција од редот на органи на државна управа и други државни органи: агенции, фондови, комисии, заводи, инспекторати, секретаријати
- 14 судови и
- 69 единици на локалната самоуправа.

Втора година по ред, преку ИТ алатка- Комуникациски портал ДКСК го мери степенот на имплементација на елементите на системот за интегритет, преку прибирање и анализа на податоците доставени од надлежните институции. Исклучок беа институциите од правосудниот систем, кои за прв пат се вклучија во целиот процес на имплементација на системот на интегритет и обуките за негова имплементација. Во ноември 2023 година на Комуникацискиот портал на ДКСК беше објавен прашалник за примена на системот на интегритет со цел да се добијат релевантни информации за степенот на имплементација на системот на интегритет. По евалуацијата на добиените одговори, ДКСК изработи Извештај од спроведениот мониторинг на примената на системот за интегритет во институциите од јавниот сектор на Република Северна Македонија за 2023 година. Резимето од истиот е Прилог 7 кон овој Извештај.

Во насока на здобивање со потребното знаење за полесна имплементација на системот на интегритет и со цел да им се помогне на институциите полесно да го разберат процесот за воспоставување на системот на интегритет на институционално ниво, ДКСК преку проектот „Активност за анти-корупција и интегритет", финансиран од УСАИД, а спроведуван од Меѓународната фондација за изборни системи (ИФЕС) спроведе серија на обуки за имплементирање на системот на интегритет во институциите од централно ниво и судската власт кои имаат потпишана политика на интегритет и назначено лица за интегритет.

Првата од трите обуки за спроведување на системот на интегритет се одржа во мај 2023 за три групи на учесници и тоа претставници на институциите кои во 2023 година потпишаа политика на интегритет но, и институциите од централно ниво кои започнаа со спроведување на системот на интегритет минатата, 2022 година. Со обуката беа опфатени околу 85 лица за интегритет. Втората обука за спроведување и поддршка на системот на интегритет се одржа во септември 2023 година и третата воглавно насочена кон примена на ИТ алатката Комуникациски портал за следење на системот на интегритет се одржа во октомври 2023 година преку zoom платформата. Како резултат на овој процес на едукација, од страна на експерт беше изработен Извештај за градење на капацитетите на институциите за воведување на системот за интегритет, кој ги сумира релевантните наоди за начинот на којшто во 2023 година се одвиваше процесот на градење на капацитетите на државните органи и институции од јавниот сектор во Република Северна Македонија во спроведување на системот за интегритет, а притоа ги нотира клучните предизвици, преку кои ДКСК ќе може да ги планира

следните чекори во развивањето на интегритетот и соодветно да дава препораки за подобрување на другите институции.

ДКСК и во 2023 година продолжи да соработува со ЕЛС во насока на поддршка во спроведувањето на системот на интегритет на локално ниво. Така, во рамки на континуираната соработка со Мисијата на ОБСЕ во Скопје, во првиот квартал на 2023 година беше презентиран извештајот за експертската поддршка за спроведување на политиката на интегритет и зголемување на транспарентноста на локално ниво, на пет општини и тоа: Ѓорче Петров, Демир Хисар, Струга, Врапчиште и Кратово. Во втората половина на 2023 година преку Мисијата на ОБСЕ во Скопје, беше обезбедена дополнителна поддршка за развивање на елементите од системот на интегритет за три од наведените општини и тоа:

- Општина Кратово и Општина Демир Хисар – поддршка за изработка на нова веб страна со посебен дел за системот на интегритет;
- Општина Ѓорче Петров – обезбеден национален експерт за предводење на процесот на подготовка на стратегија за управување со ризици и за ризици од корупција.

Дополнително, беа одржани и две работилници за лицата за интегритет од единиците на локалната самоуправа, со цел зајакнување на интегритетот и промовирање на транспарентноста и родовата димензија на корупцијата на локално ниво.

⇨ **Личен интегритет -** Преку воведувањето на системот за интегритет во институциите, паралелно со градењето на цврст и одржлив институционален интегритет, ДКСК работи и на јакнење на личниот интегритет. Во делот на поврзаност на личниот со институционалниот интегритет, преку имплементацијата на системот на интегритет, подетално е образложено во делот за институционален интегритет.

***Спроведување на системот на интегритет во ДКСК***

ДКСК и во 2023 година континуирано спроведуваше обуки за имплементација на системот за интегритет во државните институции, но подеднакво се посвети и на обуки за вработените во Секретаријатот на ДКСК за имплементација на поединечни елементи од системот на интегритет кој се спроведува во институцијата. Како резултат од овие активности, покрај примена на постојните интерни акти, во текот на 2023 година беше изработен и Правилник за управување со судир на интереси и пријавување на дополнителен ангажман за службените лица во ДКСК.

Во текот на 2023 година со поддршка на РеСПА, (Регионална школа за јавна администрација) ДКСК беше спроведена и Заедничката рамка за самопроценка (CAF), како дел од елементот Управување со квалитет, за што од страна на работната група за самопроценка се изработи извештај, а ДКСК во август 2023 година го усвои Планот за подобрување и започна со негово спроведување. Во декември 2023 година ДКСК се обрати до МИОА со барање да ја информира РеСПА за започнување на постапката за надворешна проценка на спроведувањето на CAF, како предуслов за сертификација на ДКСК во 2024 година.

Дополнително, лицата за интегритет на ДКСК земаа активна улога во делот на спроведувањето на обуките за спроведување на системот на интегритет во рамки на проектот „Активност за анти-корупција и интегритет", финансиран од УСАИД, а спроведуван од Меѓународната фондација за изборни системи (ИФЕС).

### 3.12. *Едукација и јакнење на свеста за корупцијата и судирот на интереси*

**Член 17 од ЗСКСИ: Надлежности на ДКСК**
(19) Презема активности на планот на едукацијата и јакнење на свеста за корупцијата и судирот на интереси

Тргнувајќи од фактот дека борбата против корупцијата е заедничка борба на институциите и граѓаните и потребна е меѓусебна поддршка во истата, едукативниот процес е практична алатка од превентивен карактер што ДКСК континуирано го развива. Процесот на континуирана едукација претставува еден од клучните приоритети и алатки во препознавањето и справувањето со корупцијата, но и поттикнување за етичко однесување, спречување на судир на интереси и создавање на услови за поголема доверба на граѓаните во јавниот сектор.

И во текот на 2023 година ДКСК работеше на јакнење на свеста кај пошироката јавност за важноста и значењето на интегритетот воопшто, а особено кај носителите на јавните функции и останатите службени лица.

- ***Обуки за службени лица***

Спроведени беа обуки за имплементација на елементите на системот на интегритет на лица од институциите од централно ниво и институциите од правосудниот систем, за кои е образложено во точка 3.11 на овој извештај;

- ***Е – платформа за учење***

На веб страницата ДКСК развиен е систем за е-учење со лекции кои се достапни за сите заинтересирани граѓани, но првенствено се наменети за вработените во јавниот сектор. Оваа платформа за учење им овозможува на регистрираните корисници да се стекнат со потврда за положен курс откако ќе поминат краток тест/квиз.

Платформата за Е-учење на ДКСК во моментот располага со вкупно осум лекции и тоа:

- „Систем на интегритет‟,
- „Судир на интереси‟,
- „Спречување на корупција‟,
- „Заштита на укажувачи‟,
- "Транспарентноста како компонента на Политиката за интегритет‟
- "Родова димензија на корупцијата",
- "Управување со ризици од корупција и институционална корупција", и
- "Лобирање".

Платформата за е-учење постојано се надградува со нови лекции, со што ќе се обезбеди одржливост на активностите.

- ***Антикорупциска едукација кај ученици од основните училишта***

ДКСК континуирано посветува внимание и на учениците од основните училишта и нивна едукација за важноста на борбата против корупција и промоција на интегритетот.

По иницијатива на ДКСК, во рамки на проектот „Активност за антикорупција и интегритет‟, финансиран од УСАИД и спроведуван од Меѓународната фондација за изборни системи (ИФЕС), во текот на 2023 година беше реализирана активноста антикорупциска обука *„Бидете херои на чесноста"*. Во насока на подигнување на свеста кај младите за важноста од борбата против корупцијата и механизмите кои се на располагање, зајакнување на нивните знаења за корупцијата и судирот на интереси, препознавање на формите на корупција и за важноста од градење личен и

институционален интегритет, во периодот мај – ноември 2023 година беа реализирани посети на 13 основни училишта во различни градови во Република Северна Македонија, каде учество земаа ученици од седмо до деветто одделение. Беа посетени следните училишта:

- ООУ" Петар Поп Арсов", ООУ "Коле Неделковски", ООУ "Братство", ООУ "Војдан Чернодрински" и ООУ "Браќа Рамиз и Хамид", ООУ„26-ти јули", сите на територијата на Град Скопје.
- ООУ„Гоце Делчев" во Штип,
- ООУ„Никола Карев" во Кочани,
- ООУ„Кирил и Методиј" с.Дабиља, Струмица,
- ООУ„Гоце Делчев" во Тетово,
- ООУ„Братство Единство" во Охрид,
- ООУ "Живко Чинго" во с. Велгошти и
- ООУ „Перпарими"во с.Речица.

Јакнењето на свесноста, спознавањето на штетноста на корупцијата, но и всадување чувство на интегритет кај младите од особена важност за иднината на најмладите на нашата држава.

За време на процесот на антикорупциска едукација, во секое училиште се спроведе истражување преку анонимен прашалник од четири прашања поврзани со темата на едукација, чија цел е да се согледаат искуствата, разбирањата и мислењата на учениците за добивањето на нереални повисоки оценки, причините за нереалните оценки како и пријавувањето на неправди.

Во истражувањето учествуваа вкупно 687 ученици, учесници во антикорупциската едукација. По евалуацијата на прашалниците, ДКСК изработи анализа на податоците кои се презентирани во посебен Извештај.

Извештајот е објавен на веб страната на ДКСК достапен на следниот линк.[4]

- ***Антикорупциска едукација кај ученици од средните училишта – Отворен ден***

Со цел подигнување на свеста кај тинејџерите за важноста од борбата против корупцијата и механизмите кои се на располагање, зајакнување на нивните знаења за корупцијата и судирот на интереси, препознавање на формите на корупција и за важноста од градење личен и институционален интегритет, на 12 декември 2023 година ДКСК го организираше својот прв "Отворен ден".

23 ученици од трета година од средното училиште на Град Скопје „Орце Николов" беа гости во просториите на ДКСК и преку вежби, на присутните им беа објаснети помите корупција, судир на интереси и интегритет и активно се дискутираше за механизмите за спречување на корупцијата.

- ***Меѓународниот ден за борба против корупцијата***

Одбележувањето на Меѓународниот ден за борба против корупција и оваа 2023 година се одржа на 7 Декември. Во рамки на настанот „Отворен форум за антикорупција" на панел дискусијата ДКСК нагласи „за да имаме успешно владеење на правото, императив е да се воспостави ефективна и редовна комуникација и координација помеѓу сите институции како и соработка на јавниот со приватниот сектор". Овој настан беше во заедничка организација со Македонскиот центар за меѓународна соработка поддржан од УСАИД и ЕУ.

[4] chrome-extension://efaidnbmnnnibpcajpcglclefindmkaj/https://dksk.mk/wp-content/uploads/2024/01/Analiza.pdf

### 3.13. *Примена на Законот за заштита на укажувачи – ЗЗУ*

Почитувајќи ги начелата на законитост, транспарентност, отчетност и одговорност, исполнувајќи го одредбите на член 15 став (2) од Законот за заштита на укажувачи[5], ДКСК петта година по ред го презентира Годишниот извештај за примени пријави од укажувачи во 2023 година во рамките на Годишниот извештај за работа на ДКСК за 2023 година.

Со Законот за заштита на укажувачите (во натамошниот текст ЗЗУ), се воведе системот на заштита на укажувачите со цел да го поттикне и охрабри пријавувањето, односно да се воспостави систем за заштитено пријавување т.е. откривање на разумно сомневање или сознание дека е извршено, се извршува или е веројатно дека ќе се изврши казниво, неетичко или друго незаконито или недозволиво постапување со кое се повредува или загрозува јавниот интерес.

Во овој Извештај е прикажана состојбата со преземените активности поврзани со имплементацијата на ЗЗУ и подзаконските акти од страна на ДКСК и останатите институции од јавниот сектор од започнувањето на примената на ЗЗУ заклучно со 31 декември 2023 година.

**_Законска регулатива_**

Законот за заштита на укажувачите е донесен на 9.11.2015 година и започна да се применува од 18.03.2016 година. За негова имплементација беа донесени подзаконски акти[6], со кои се уреди начинот на постапување во врска со заштитеното внатрешно и надворешно пријавување во институциите од јавниот и приватниот сектор. Примената на подзаконските акти коишто произлегуваат од него се имплементираат заедно со ЗЗУ од 18.03.2016 година.

**_Постапување на ДКСК во имплементација на ЗЗУ_**

Постапувајќи согласно надлежности утврдени во ЗЗУ и во подзаконските акти коишто произлегуваат од него, ДКСК презеде конкретни активности за воспоставување на систем на заштита на укажувачите, така што почнувајќи од април 2016 година, беше назначено овластено лице за прием на пријави од укажувачи за заштитено внатрешно и заштитено надворешно пријавување во ДКСК согласно пропишаните услови. Усвоена е внатрешна процедура за начинот и постапката за прием на пријави од укажувачи за заштитено внатрешно и заштитено надворешно пријавување, која е објавена на веб страницата на ДКСК.

Во периодот од почеток на примената на ЗЗУ и подзаконските акти кои произлегуваат од него, до Собранието на Република Северна Македонија доставени се Годишни извештаи за примени пријави од укажувачи и тоа за годините 2016, 2019 , 2020, 2021 и 2022 година објавени на веб страната на ДКСК, (последните три извештаи се содржани во Годишниот извештај за работа на ДКСК). За 2017 и 2018 година не се доставени Годишни извешти до Собранието на РСМ поради не функционалност на ДКСК.

**_Регистар на овластените лица за прием на пријави од укажувачи_**

Со Законот за заштита на укажувачи, во членовите 4 и 5, институциите и правните лица од приватниот сектор се должни да назначат овластени лица за прием на пријави од укажувачи за

[5] Службен весник на Република Македонија број 196/2015, 35/18

[6] Правилник за заштитено внатрешно пријавување во институциите во јавниот сектор; Правилник за заштитено надворешно пријавување и Правилник за насоки за донесување на внатрешни акти за заштитено внатрешно пријавување во правното лице во приватниот сектор.

заштитено внатрешно пријавување, кои што пак имаат обврска до ДКСК да доставуваат полугодишни извештаи за примени пријави од укажувачи.

***Член 15 од Законот за заштита на укажувачи*** *:*
„Овластените, односно раководните лица на институциите, односно правните лица во јавниот сектор до кои се пријавува согласно со членовите 4 и 5 од овој закон, се должни до Државната комисија за спречување на корупцијата да доставуваат полугодишни извештаи за примени пријави од укажувачи".

Започнувајќи од 18 март 2016 година институциите од јавниот и приватниот сектор до ДКСК доставуваат известувања за назначени овластени лица за прием на пријави од укажувачи во овие институции со нивните контакт податоци. Согласно обврските предвидени со член 17 став 1 точка 21 од ЗСКСИ, а врз основа на добиените податоци од институциите, ДКСК воспостави Регистар на овластените лица за прием на пријави од укажувачи кој редовно се ажурира. Во Табела 16 прикажан е бројот на институции кои постапиле согласно ЗЗУ.

Табела 16: Број на институции и овластени лица по ЗЗУ

| Година | Број на институции | Број на институции со овластени лица | Број на овластени лица | Во % |
|---|---|---|---|---|
| 2021 | 1324 | 178 | 179 | 13,44% |
| 2022 | 1324 | 200 | 201 | 15,10% |
| 2023 | 1324 | 207 | 208 | 15,63% |

Во март 2021 година Владата на РСМ донесе План за борба против корупцијата -"Акција 21" , каде во точката 9 -Назначување на овластено лице за прием на пријави од укажувачи, сите органи на државната управа беа задолжени, на институциите кои немаат статус на орган на државна управа им се укажа, а на единиците на локалната самоуправа им препорача да назначат овластено лице за прием на пријави од укажувачи за воспоставување заштитено внатрешно пријавување согласно Законот за заштита на укажувачите и информациите да ги објават на нивните веб страни.

Од увидот на веб страниците на институциите се забележува дека поголем број од нив постапиле по насоките на Владата и воспоставиле систем на заштитено внатрешно пријавување[7], но не ја исполниле обврската за извештајност кон ДКСК, односно не доставиле Известување за овластеното лице со неговите контакт податоци, поради што Регистарот на овластени лица кој редовно се ажурира во ДКСК, содржи податоци за мал број институции што е видно и од Табелата 16. Состојбата не е значајно променета и во 2023 година.

### *Известување за примени пријави од укажувачи*

Институциите во јавниот сектор имаат обврска да доставуваат полугодишни извештаи за прием на пријави од укажувачи, кои треба да содржат општи статистички податоци и податоци за оформени предмети по примени пријави, согласно членот 15 од ЗЗУ. Иако обврската за доставување на полугодишни извештаи не се однесува на субјектите од приватниот сектор,

[7] Назначено е овластено лице за прием на пријави од укажувачи, објавени се контакт податоци за овластените лица за прием на пријави од укажувачи, објавени се интерни процедури за заштитено внатрешно пријавување

забележливо е дека одреден број од нив, самоиницијативно доставуваат полугодишни извештаи. Во Табела 17 прикажан е бројот на доставени извештаи до ДКСК по години.

Табела 17: Доставени полугодишни извештаи до ДКСК

| **Година** | ***Период*** | ***Институции од јавен сектор*** | ***Правни лица од приватен сектор*** | ***Вкупно*** | ***Институции кои примиле пријави*** | ***Поднесени пријави*** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2021 | 01.01-30.06 | 75 | 8 | 83 | 4 | 25 |
| | 01.07-31.12 | 75 | 7 | 82 | 3 | 19 |
| 2022 | 01.01-30.06 | 103 | 10 | 113 | 4 | 17 |
| | 01.07-31.12 | 118 | 5 | 123 | 5 | 7 |
| 2023 | 01.01-30.06 | 107 | 8 | 115 | 6 | 11 |
| | 01.07-31.12 | 126 | 7 | 133 | 2 | 4 |

Споредбата на податоците за доставените извештаи со податоците од Регистарот, укажуваат дека иако повеќе од институциите имаат воспоставено систем на заштитено внатрешно пријавување, не ја исполниле обврска за доставување полугодишен извештај до ДКСК од причина што немаат примено пријави од укажувачи.

Треба да се истакне дека во последните години, неколку институции континуирано известуваат дека до нив се доставени пријави од укажувачи преку каналот на заштитено внатрешно пријавување, што говори за фактот дека граѓаните се охрабруваат и сознанијата/сомневањата за незаконско однесување ги пријавуваат во институциите што значи мал чекор напред во прифаќање и користење на овој инструмент како солиден начин на прибирање на информации и соодветна реакција за пријавените неправилности од страна на институциите. Со тоа се постигнува и целта на самиот инструмент –заштитено пријавување, односно обезбедување на системска заштита на укажувачите кои се охрабруваат да пријават неправилности во работењето на институциите.

Малиот број на доставени полугодишни извештаи во 2023 година говори дека институциите не се доволно посветени на исполнување на своите обврски предвидени со ЗЗУ и подзаконските акти кои произлегуваат од него.

***Анализа на примени полугодишни извештаи***

Во доставените полугодишни извештаи за првата половина од 2023 година, шест (6) институции известија дека овластените лица во тие институции примиле вкупно 11 пријави од укажувачи по кои биле преземени дејствија и мерки согласно Законот за заштита на укажувачите и подзаконските акти.

Во втората половина од 2023 година, две (2) институција известила дека примиле 4 пријави од укажувачи и постапиле согласно Законот.

Споредено со претходните години, податоците од 2023 година говорат дека постои мало подобрување во примената на ЗЗУ во однос на заштитено внатрешно пријавување. Поаѓајќи од фактот дека ЗЗУ познава два главни канали на заштитено пријавување, заштитено внатрешно пријавување (во сите институции од јавниот сектор) и заштитено надворешно пријавување (МВР, надлежното јавно обвинителство, ДКСК, МВР, Народен правобранител), зголемувањето на бројот на поднесени пријави преку каналот на внатрешно пријавување покажува дека има охрабрување кај граѓаните за користење на оваа можност за пријавување на сомнежи за сторени незаконитости

или неправилности во работењето на јавните институции, што претставува мал чекор напред во имплементација на ЗЗУ.

Од страна на институциите кои во рамките на внатрешното пријавување примиле пријави од укажувачи, известено е дека постапиле согласно ЗЗУ, спроведени се конкретни дејствија во насока на проверка на наводите во пријавите и презеле конкретни мерки согласно закон.

***Постапување на ДКСК по примени пријави од укажувачи во 2023 година***

Зголемената доверба на јавноста во работата на ДКСК придонесе да се зголеми интересот на граѓаните за начинот на пријавување што го гарантира ЗЗУ.

Од страна на овластеното лице за прием на пријави од укажувачи во ДКСК како и од членовите на ДКСК, на разни начини преку директна комуникација на разни собири, работилници, конференции или преку дадени изјави во медиумите, кон јавноста беа презентирани бројни информации за начинот на кој ДКСК постапува по овие пријави.

***Содржина на примените пријави***

Во 2023 година до ДКСК беа поднесени 6 пријави во кои се содржани наводи со сомневање за незаконски, недозволени и неетички дејствија преземени од одговорните лица или од други службени лица во институциите каде што тие работат или порано биле вработени или до кои дошле на некој друг начин (преку извршување на услуги или остварување на друг вид деловна соработка). Пет пријави доставени до ДКСК од укажувачите се преку каналот за заштитено надворешно пријавување, односно се пријави кои содржат наводи за сознанија или сомневања за незаконски дејствија кои биле сторени од страна на одговорни или службени лица во други институции од јавниот сектор, што е резултат на изградената доверба на граѓаните во ДКСК, како и поради сомневањето дека во рамките институции каде работат или порано биле вработени нема да се постапува по нивните пријави, додека една пријава е доставена преку каналот на заштитено внатрешно пријавување.

***Форма и начин на прием на пријавите***

Со Правилникот за заштитено надворешно пријавување во институциите во јавниот сектор, укажувачот може да изврши заштитено надворешно или внатрешно пријавување усно на записник или во писмена форма доставени лично или преку поштенски или електронско сандаче до овластеното лице. Анализата на примените пријави од укажувачите покажа дека од примените пријави,

- четири пријави во писмена форма се доставени преку пошта и
- две пријави во писмена форма по електронската пошта.

***Податоци за анонимност/ доверливост на укажувачите***

ЗЗУ го дефинира укажувачот како лице кое со добра намера врши заштитено пријавување, кое не е должно да ја докажува добрата намера и вистинитоста на она што го пријавува. На укажувачот му се обезбедува заштита согласно закон и му се гарантира доверливост.

Во однос на податоците за анонимност или доверливост, од шест примени пријави, три пријави се доставени од доверливи укажувачи (нивниот идентитет е познат на овластеното лице за прием на пријави од укажувачи), додека преостанатите три се пријави од анонимни укажувачи.

***Категорија на лицата кои се јавуваат во својство на укажувач***

Следејќи ја утврдената категоризација на лица кои можат да се јават во својство на укажувачи согласно член 2 став (3) од ЗЗУ:

- двајца укажувачи се лица кои имаат засновано работен однос во институцијата, односно правното лице за каде пријавува,
- еден укажувач бил кандидат за вработување во институцијата за каде пријавува и
- три укажувачи се анонимни за кои не може да се утврди нивната категорија согласно членот 2 став (3) од ЗЗУ.

***Преземени дејствија***

Согласно ЗЗУ, институциите каде може се врши заштитено надворешно или заштитено внатрешно пријавување се должни во рамките на своите надлежности да постапат по пријавата, да ги заштитат личните податоци на укажувачот, односно податоците кои можат да го откријат идентитетот на укажувачот кој пријавува анонимно или доверливо, а за преземените мерки да го информираат укажувачот без одлагање, најдоцна во рок од 15 дена од денот на приемот на пријавата.

Постапувајќи согласно своите надлежности, овластеното лице за заштитено пријавување во ДКСК оформи шест (6) предмети по кои поединечно изврши проценка на содржината на пријавите и донесе заклучоци за проверка на наводите содржани во истите како и утврдување на фактичката состојба. Заради тоа до други институции достави вкупно 8 барања за прибирање податоци и информации до разни институции: Министерството за внатрешни работи, Државниот инспекторат за труд, Државниот Управен инспекторат, Судски Совет на РСМ и други.

Во текот на фазата на прибирање и размена на податоците остварена е потесна соработка помеѓу овластените лица во ДКСК и во другите институции, што е од голема важност за успешна имплементација на ЗЗУ во пракса и обезбедување на системска заштита на укажувачите. Во неколку предмети наводите во пријавите опфаќаа законска надлежност на две или повеќе институции, што беше повод за истовремено постапување на овластените лица за прием на пријави од укажувачи во две институции со цел правилно утврдување на фактичката состојба. Исто така овластеното лице за прием на пријави од укажувачи беше во постојана комуникација со доверливите укажувачи, кои беа редовно известени за текот на постапувањето по нивните пријави, како и за исходот од постапувањето по пријавите.

***Статус на предметите и ефекти од постапувањата***

Во Табела 18 прикажани се ефектите од постапувањата на ДКСК по однос на предметите формирани по пријави од укажувачи заклучно со 31 декември 2023 година.

Табела 18: Постапувања на ДКСК по пријави од укажувачи

| Опис на активност | 2023 година | 2022 година |
|---|---|---|
| Број на примени пријави | 6 | 10 |
| Број на пријави по кои се отворени предмети | 6 | 10 |
| Доставена пријава до други институции на заштитено надворешно пријавување согласно ЗЗУ на натамошно постапување | 1 | |
| Донесени одлуки | 15 | 5 |
| - Непотврдени наводи | 14 | 3 |
| - По барање на подносителот, предметот беше доставен за постапување во редовна постапка на ДКСК | | 1 |
| Постапувањето на ДКСК е во тек | 4 | 13 |
| ПОДНЕСЕНИ ИНИЦИЈАТИВИ | | |
| Иницијативи до надлежен орган за утврдување одговорност на службено лице и Иницијатива до ЈОРСМ | 1 | 1 |

По проверка на наводите и утврдената фактичка состојба во петнаесет (15) предмети ДКСК го констатира следното:

- ✓ Во еден предмет, по извршена административна проверка на наводите врз основа на прибавени податоци и документација од други институции, до јавна установа и до градоначалник на општина доставена е иницијатива за поведување на постапка за утврдување на одговорност на службено лице, поради тоа што со (не)постапување директно ги прекршило одредбите од член 3, 4 и 72 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси каде децидно е наведено дека службеното лице ги повредило начелата на интегритет и законитост, при што било должно да ги преземе сите неопходни мерки за да го спречи влијанието на неговиот приватен интерес врз извршувањето на неговите службени овластувања и должности и го прикрила постоење приватен интерес, што претставува повреда на службената должност и основа за покренување постапка за утврдување на одговорност. Од страна на надлежната институција доставен е одговор до ДКСК дека иницијативата се отфрла со образложение дека нема прекршување на посочените одредби од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси од посоченото службено лице.
- ✓ Во десет предмети констатирано е дека наводите не се потврдени и ДКСК одлучи дека нема елементи за натамошно постапување во конкретните предмети за што беа известени и укажувачите;
- ✓ Во еден предмет, по проверка на наводите во пријавата констатирано е дека надлежен е друга институција, пријавата со придружната документација е доставена на натамошно надлежно постапување на институцијата.
- ✓ Во три предмети , по проверка на наводите и прибавување на податоци и информации од други надлежни институции констатирано е дека по пријавените случаи веќе постапувале други надлежни институции, кои дале препораки или презеле конкретни мерки за надминување на утврдените неправилности или слаботсти.

Покрај горе наведените активности поврзани со имплементација на ЗЗУ, во текот на 2023 година, ДКСК преку свои претставници во својство на претседател и заменик претседател учествуваше во Работната група која го изработи Нацрт- Законот за заштитено пријавување и

заштита на укажувачите, со цел негово усогласување со ЕУ Директивата 2019/1937 за заштита на лицата кои пријавуваат прекршување на правото на Унијата, како и со забелешките и препораките дадени од повеќе меѓународни експерти ангажирани од страна на Советот на Европа и други меѓународни организации. Во Работната група покрај ДКСК учество земаа претставници од други институции, (Министертсвото за внатрешни работи, Народниот правобранител, Министерството за правда, Кабинетот на Заменик на Претседателот на Владата задолжен за политики за добро владеење, Јавното обвинителство на РСМ, Основен граѓански суд, Инспекциски совет на РСМ, претставници од државните универзитети, Платоформата на граѓански организации за борба против корупцијата, Сојуз на стопански комори на Македонија, која работеше интензивно на изработката на новите законски решенија со кои се уредија повеќе прашања и дилеми кои се утврдија во текот на имплементација на Законот за заштита на укажувачите.

ДКСК организираше и одржа обуки со овластени лица за заштитено пријавување и вработени лица во институциите од јавниот сектор со цел размена на искуство и добри практики во постапувањето по конкретни пријави доставени од укажувачи, а кои беа од важност при изработка на новите решенија во Нацрт Законот за заштитено пријавување и заштита на укажувачите.

### 3.14. *Примена на Законот за лобирање*

Исто како и Законот за заштита на укажувачите и Изборниот законик, ДКСК има надлежност во имплементацијата на Законот за лобирање.

Новиот Закон за лобирање донесен на 01.06.2021 година, со одложена примена од 11.06.2022 година сеуште нема активна имплементација иако според дадените надлежности ДКСК ги донесе пропишаните подзаконски акти кои се објавени во „Службен весник на РСМ" бр.17/22. Дополнително, ДКСК изготви и модел на внатрешен акт, за да им послужи како пример на органите кај кои се лобира, во исполнување на обврската утврдена во член 24 од Законот за лобирање и во електронска форма го достави до Собранието на РСМ и единиците на локалната самоуправа, како и до Кабинетот на замeникот на претседателот на Владата задолжен за политики за добро владеење, од каде е препратен до органите на државната управа.

Исто така, согласно член 8 од Законот, ДКСК изработи и стави во функција софтверско решение- електронски Регистар на лобисти, лоби организации и лобирање, кон кој може да се пристапи преку линкот: https://lobisti.dksk.mk/ објавен на веб странара на ДКСК.

Но и покрај овие активности и спроведените обуки за органите кај кои се лобира, обука за изработка на внатрешните акти, во Регистарот на лобисти нема запишано никакви податоци. Ова укажува дека институциите воопшто не се насочни кон имплементација на овој закон, со што ризиците од корупција, влијанија и застапување на интереси на поединци или групи при носењето на закони или други акти се сеуште присутни при одлучувањето на органите на управата, било да се на централно или на локално ниво.

### 3.15. *Постапување по барања за пристап до информации од јавен карактер*

Со Уставот на Република Македонија гарантиран е слободниот пристап до информациите, слободата на примање и пренесување на информациите како едно од основните права на Граѓанинот од корпусот – „Граѓански и политички слободи и права".

Поаѓајќи од начелото на јавност утврдено во ЗСКСИ, имајќи во предвид дека јавноста и отвореноста во работењето се во функција на транспарентност на мерките и активностите кои ги

презема ДКСК, со посебен професионален однос се пристапува кон предметите по доставени барања за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Во текот на 2023 година, до ДКСК беа поднесени 30 барање за пристап до информации од јавен карактер и по истите постапено е во законски утврдениот рок. Од вкупно поднесените 30 барање за пристап до информации од јавен карактер, позитивно е одговорено на 29 барања. За едно одбиено барање, подносена е жалба до надлежната Агенција. Донесено е решение за уважување на жалбата и при повтореното постапувања, ДКСК ги даде бараните информации од јавен карактер.

## 4. ОЦЕНКА НА СОСТОЈБАТА СО КОРУПЦИЈА И БОРБАТА ПРОТИВ КОРУПЦИЈАТА ВО ДРЖАВАТА

Извештаите, евалуациите и истражувањата на меѓународни и домашни организации, тела, комисии се релевантни документи за оцена на состојбата со корупцијата во Република Северна Македонија.

На прво место е секако **Извештајот на Европската Комисија** за напредокот на РСМ за 2023 година, каде за разни кластери провејува квалификацијата дека земјата се наоѓа ***„помеѓу одредено и умерено ниво"*** *на усогласеност да ги примени правото на ЕУ и европските стандарди.*

Како најранливи области се лоцирани:

- **Политички критериуми**- не е постигнат напредок во однос на постапувањето по и спроведувањето на преостанатите препораки од Канцеларијата на ОБСЕ за демократски институции и човекови права и од Венецијанската комисија, изборното законодавство треба сеопфатно да се прегледа за да се надминат недоследностите на навремен, инклузивен и транспарентен начин.

- **Реформа на јавната администрација**- и покрај тоа што процесот е започнат пред пет години, земјата сè уште не ја донела ревидираната законска рамка за управување со човечки ресурси, која ги вклучува ревидираниот Закон за административни службеници, Законот за вработените во јавниот сектор и новите законски одредби за висока раководна служба.

- **Правосуден систем** - не е постигнат напредок во однос на судството. Судскиот совет треба да се заложи за заштита на интегритетот и на независноста на судиите и на институциите и треба да се спротивстави на секое надворешно влијание, доцни донесувањето на новата стратегија за реформи во правосудството, а напредокот во спроведувањето на стратегиите за човечки ресурси за судството и за обвинителството е ограничен.

- **Превенцијата и борбата против корупцијата** - подготвеноста на земјата е помеѓу одредено и умерено ниво. Не е постигнат никаков напредок. Корупцијата останува распространета во многу области и претставува предмет на загриженост. Се забележува зголемување на одложувањата и на повторувањата на судењата на случаите на корупција на високо ниво, што резултираше со застарување на некои случаи. Кривичниот законик е изменет во итна собраниска постапка. Максималните законски казни за конкретни кривични дела поврзани со корупција се намалени, со импликации врз примената на застареноста, и влијаеја, стопираа или дури прекинуваа голем број случаи на корупција на високо ниво, вклучително и од поранешното Специјално јавно обвинителство (СЈО). Измените, исто така, ја попречуваат способноста на органите да ги истражуваат и да ги гонат таквите прекршоци. Ова е прашање што предизвикува сериозна загриженост.

Што се однесува до Државната комисија за спречување на корупцијата, наведено е:

*„ДКСК беше проактивна при обезбедувањето политички насоки за јавните институции за спречување на корупцијата. Комисијата отвори неколку случаи, но треба да се следат нејзините препораки. Треба да продолжат напорите за подобрување на функционирањето на ДКСК, особено со доделување дополнителни средства за вработување специјализиран кадар."*

**Извештајот за евалуација од петтиот круг на ГРЕКО** кој се однесува на „Спречување на корупцијата и промоција на интегритетот кај централната власт (лица на кои им се доверени највисоките извршни функции) и органите за спроведување на законот наведува:

„Северна Македонија на задоволително ниво имплементираше 13 од 23 препоаки, девет се делумно имплементирани и една не е имплементирана. ГРЕКО заклучува дека Северна Македонија е „***во недоволна усогласеност***" со препораките содржани во Извештајот од петтиот круг на евалуација.

Според ГРЕКО: „целокупната сила на антикорупциската рамка е дискутабилна бидејќи спроведувањето на различни политики и закони е слабо и селективно во пракса".

**Извештајот на Транспаренси Интернешнл** за Индексот на перцепција на корупцијата за 2023 година забележува незначителен напредок во борбата против корупцијата во Република Макдонија. Според објавената листа која што го оценува напредокот на земјата во борбата против корупцијата, Северна Македонија е на 76 место со 42 поени (во 2022 - 85 место со 40 индексни поени).

Бавното спроведување или не спроведувањето на одредени препораки дадени во Извештаите на Европската Комисија, ГРЕКО и ДКСК влијаат врз создавање на негативна перцепцијата за борбата со корупцијата и создаваат состојби на кои јавноста најмногу реагира.

Сето ова укажува дека состојбата со корупцијата е сериозна и неопходни се натамошни чекори за зајакнување на материјално-техничките и човечките капацитети на надлежните институции, нивна независност и проактивност во постапувањето, а пред се посветеност ефектуирана политичка волја за надминување на состојбите.

# 5. Обезбедување на услови за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата

## 5.1. Едукација на вработените во ДКСК

Зголемениот број на вработените во ДКСК, ја наметна потребата од организирање на соодветни обуки за вработените со цел стекнување на потребни вештини и знаења но и подобрување на веќе стекнатото искуство за ефективно извршување на работните задачи. За таа цел беа организирани и одржани обуки на разни теми, а дел од нив беа поддржани од долгогодишните партнери на ДКСК.

1. Зајакнување на капацитетите на ДКСК и учество на вработените во:
   - ✓ напредна обука за анализа на податоци на Академијата BRAINSTER
   - ✓ програма за обука за проценка на ризикот од корупција, која ја обезбеди Овластениот институт за јавни финансии и сметководство (CIPFA) со добивање на меѓународно признат сертификат
   - ✓ In house обука на вработените на ДКСК за процесот на имплементација на ИСО стандардот 37001 – Антикорупциски политики
   - ✓ организирање и одржување на тим билдинг "Запознај се себе си, прифати ги другите " за јакнење на капацитетите на вработените во ДКСК, во ноември 2023 година во Крушево.

   Обуките се обезбедени од Меѓународна фондација за изборни системи (IFES).

2. Со цел изработка на софтверско решение – Каталог на подароци заради поефикасно исполнување на надлежноста на ДКСК утврдена во член 17 точка 22 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, организирани се:
   - ✓ обука за вработените од Одделението за спречување на корупцијата во ДКСК на тема „Перење пари" со експерт од Хрватска и
   - ✓ учество во работилница на тема: "Управување со случаи на судир на интереси" одржана во Приштина, Косово наменета за одговорните службеници во јавниот сектор,

   Активностите се обезбедени од Советот на Европа.

3. ДКСК континуирано работи на унапредување на елементите на интегритетот и користејќи го *in country* механизмот на Регионалната школа за јавна администрација – ReSPA, успешно го спроведе новиот проект за имплементација на CAF-2020 во ДКСК. Во текот на 2023 година во ДКСК беа започнати активности за спроведување на Заедничката рамка за самопроценка (CAF), како дел од елементот Управување со квалитет, за што од страна на работната група за самопроценка се изработи извештај, а ДКСК усвои План за подобрување и започна со негово спроведување. Воедно, ДКСК презема активности за започнување на постапката за надворешна проценка на спроведувањето на CAF, како предуслов за сертификација на ДКСК во 2024 година. Имплементацијата на CAF-2020 - како еден од инструментите за управување со квалитет и помогна на институцијата да ги детектира слабите страни во целокупното функционирање, вклучувајќи ги и луѓето, лидерството, стратегијата, планирањето итн., и да преземе активности за унапредување на истите. Ова е континуиран процес, а ДКСК се стреми да ги следи трендовите на модерните европски институции, ставајќи го акцентот на дигитализација, агилноста, разновидноста и одржливоста. Оваа активност беше реализирана со поддршка од Регионалната школа за јавна администрација – ReSPA.

***Студиски посети***

Искуството на други држави кои имаат воспоставен ефикасен систем на превенција во борбата против корупцијата се предизвик за црпење искуства и пракси. Размената на искуствата и проценката на можноста за имплементација на развиени решенија во системот на ДКСК е од огромно значење за нејзин континуиран институционален развој.

Во текот на 2023 година со поддршка на нашите меѓународни партнери беа реализирани неколку студиски посети:

- студиска посета на Агенцијата за спречување на корупцијата на Црна Гора (АСК) и
- студиска посета на Агенцијата за спречување на корупцијата на Република Србија

Во рамки на Програмата за шема на мобилност, студиските посети беа организирана и поддржани од РеСПА.

- студиска посета во антикорупциското тело на Литванија, организирана и поддржани од TAIEX програмата.

### 5.2. Технички капацитети на ДКСК

Заради унапредување на работењето и зголемување на ефикасноста во своето постапување, ДКСК континуирано работи на надградба на постоечките, но и развој на нови софтверски решенија.

Поддршката на меѓународни организации и институции несомнено придонесе ДКСК да има на располагање повеќе софтверски алатки за исполнување на своите надлежности.

Во Табела 19 прикажани се активните софтверски решенија, начинот на нивно обезбедување во периодот од 2017-2023 година.

Табела 19: Софтверски решенија во ДКСК и извори на обезбедување

| Р.бр. | Назив | Година на набавка | Обезбедени средства од | Вредност на донации | | Буџет на ДКСК |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Вредност во Евра | Вредност во Денари | Вредност во Денари |
| 1 | Набавка на ИКТ опрема и опрема за интероперабилност | 2017 | ИПА фондови на ЕУ | 2,390,267 | 147,001,421 | |
| 2 | Информатичка опрема | 2022 | ДКСК | | | 894,461 |
| 3 | Опрема за превод | 2022 | УСАИД | | 1,836,290 | |
| 4 | Комуникациски портал<br>Систем за следење на перформансите<br>Мобилна/веб апликација за подигање на свесноста за борба против корупција<br>Систем за интегритет<br>Следење на реализација на мерките и активностите од Националта стратегија за борба против корупцијата<br>Систем за заштитено пријавување од страна на укажувачите<br>E-learning платформа<br>Алатка за антикорупциска проверка на легислативата<br>Документ менаџмент систем - ДМС<br>Систем за регистар на избрани и именувани лица, изјава за имот и интереси и нивно следење | 2022- 2023 | ИПА фондови на ЕУ | 728,750 | 44,818,125 | |
| 5 | Информатичка опрема | 2023 | ДКСК | | 0 | 56,153 |
| | **Вкупно:** | | | **3,119,017** | **193,655,836** | **950,614** |

Опремата од точка 1 (сервери, компјутери, лап-топи печатари, скенери) е обезбедена преку Европските фондови, како поддршка на институциите од Република Македонија за борба против

корупцијата во рамки на ИПА програмите. Поради нефункционалност на ДКСК во периодот 2017-2018, истата не била во употреба. Оваа опрема беше ставена во функција во Мај 2021 година, кога ДКСК се пресели во објектот што сега го користи, по обезбедување на соодветни просторни и безбедносни услови.

Во периодот од 2019-2022 година, со огромна поддшка на Европската Унија и УСАИД, ДКСК разви и има на располагање значајни алатки за поефикасно исполнување на своите надлежности.

Долго очекуваниот софтвер - Регистар на избрани и именувани лица и за електронско поднесување на Изјавите за имот и интереси и нивно следење, конечно започна да се применува од 01.01.2024 година.

**6. *Соработка со институции од јавниот сектор во Република Северна Македонија***

ДКСК остварува секојдневна комуникација со институциите од јавниот сектор во државата во насока на зајакнување на превентивните и репресивните механизми во борбата против корупцијата, преземање активности за промоција на владеење на правото, воведување на елементите од системот на интегритет на централно и локално ниво и воопшто реализација на активности за унапредување на меѓу институционалната соработка.

Во извештајната година ДКСК ја унапреди соработката со четири институции преку потпишување на меморандуми/договори за соработка и размена на податоци:

- Министерство за правда, склучен со поддршка на Совет за ИКТ во правосудство
- Јавно обвинителство на РСМ
- Централен депозитар за хартии од вредност
- Комисија за хартии од вредност на РСМ

**Учество во изработка на Стратегијата за реформа на јавната администрација 2023-2030 година со Акциски план**

ДКСК како дел од Секретаријатот за реформа во јавната администрација во текот на 2023 година навремено известуваше за сите побарани податоци и активно учествуваше во спроведување на активностите предвидени во Акцискиот план новата Стратегија за реформа на јавната администрација 2023-2030 година.

**Кон членство во Европската Унија**

Во текот на 2023 година ДКСК активно учестуваше на билатералните состаноци на скрининг процесот во Брисел, каде пред Европска комисија извести за антикорупциските политики и мерки кои ќе се спроведуваат во одделни области опфатени во Поглавјата утврдени во Правото на ЕУ (AQUIS). Билатералните состаноци на скрининг процесот е начин на потврдување на степенот на усогласеност на сегашната состојба на националното законодавство со политиките на Aquis како и институционалните капацитети за спроведување на политиките и владеење на правото.

Европската комисија изрази интерес за тоа како борбата против корупцијата е вклучена во законодавството на земјата во различните области, така што ДКСК со свои претставници учествуваше на билатерални состаноци за поглавјата:

- 1. Слободно движење на стоки,
- 3. Право на основање и слобода на давање услуги,
- 3.02 Слободно движење на работници,
- 4. Слободно движење на капитал,
- 6. Право на трговските друштва,
- 7. Интелектуална сопственост,
- 8. Политика на конкуренција,
- 9. Финансиски услуги,
- 10. Информатичко оптштество и медиуми,
- 11: Земјоделство и рурален развој.
- 13: Рибарство и поглавјето
- 14. Транспортна политика,
- 15. Енергетика,
- 16. Оданочување,
- 19. Социјална политика и вработување,
- 20. Претпријатија и индустриска политика,

- 21. Транс-европски мрежи,
- 22. Регионална политика и координација на структурните инструменти,
- 25. Наука и истражување,
- 26. Образование,
- 27. Животна средина и климатски промени,
- 28. Заштита на потрошувачите и јавно здравје,

Воедно, ДКСК редовно комуницира со претставници од Европската Комисија заради тековниот скрининг процес заншто се подготвуваат редовни извештаи на квартално, полугодишно и годишно ниво, дополнителни извештаи по барање, заради исполнување на сите барања од Придонесот на РСМ заради тековниот скрининг процес и согласно потребите од одржаните состаноци на Поткомитетот за правда, слобода и безбедност, извештаи на континуирана основа за потребите на специјалната група за РЈА и тн.

***Платформа на граѓански организации за борба против корупцијата***

Платформата на граѓански организации за борба против корупцијата формирана од 16 граѓански организации[8], дава континуирана поддршка на работата на ДКСК во исполнување на надлежностите утврдени со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Законот за лобирање и Законот за укажувачите, обезбедувајќи финансиска поддршка од разни извори, како проекти кои се реализираа, а се поврзани со работењето на ДКСК.

***Транспаренси Интернешнл - Македонија***

Во 2023 година ДКСК беше оценета од страна на Транспаренси Интернешнл –Македонија дека во целост ги исполнила препораките за унапредување и подобрување на работата, утврдени во извештајот: „Националниот систем за интегритет на Македонија", подготвен од ТИ-М во 2016 година, и тоа:

- ✓ усвоен Етички кодекс за членовите на ДКСК
- ✓ јавно достапни анкетни листови на членовите на ДКСК
- ✓ јавно достапни одлуки на ДКСК
- ✓ јавно објавување на други извештаи, согласно законот, поднесување извештаи до Собранието, вклучително и извештајот за финансирањето на политичките кампањи.

Воедно, ДКСК беше дел од Советодавната група за соработка во оценка на столбовите за интегритет како активност за подготовка на новиот извештај за „Националниот систем за интегритет" кој овозможува анализа на 15 столбови кои се дел од државното уредување на земјите и ефективноста на националните напори за борба против корупцијата.

[8] Асоцијација за демократски иницијативи, Институт за демократија Социетас Цивилис Скопје, Истражувачки центар за граѓанско општество, Коалиција за правично судење, Македонски центар за меѓународна соработка, МОСТ, Метарморфозис, Охрид Институт, Транспаренси Интернешнал Македонија, Транспарентност Македонија, Фондација Отворено општество – Македонија, Форум ЦСИД, Центар за граѓански комуникации, Центар за истражување и креирање политики, ЕВРОТИНК – Центар за европски стратегии, Хелсиншки комитет за човекови права, SCOOP – Центар за истражувачко новинарство

### 6.1. Соработка со меѓународни организации

Поддршката кон ДКСК од страна на меѓународната заедница не изостана и во 2023 година така што со неколку активности започнаа да се реализираат неколку важни надлежности на ДКСК. Во насока на исполнување на дел од надлежностите на ДКСК кои се однесуваат на развој на системот на интегритет и Националната стратегија, ДКСК потпиша и анексираше меморандуми со следните меѓународни организации:

- Мисијата на ОБСЕ во Скопје
- ИФЕС - Меѓународната фондација за изборни системи

***Европска комисија***

ДКСК реализира голем број на активности со поддршка на Европската комисија преку ИПА инструментот за претпристапна помош: ИПА 2020 „Владеење на правото" - главната цел е зајакнување на владеењето на правото во Република Северна Македонија. Поддршката кон ДКСК во 2023 беше во насока на подобрување на капацитетите на институцијата, а со крајна цел да ја подобри превенцијата и борбата против корупцијата. Така, во втората половина од 2023 година беа спроведени повеќе циклуси на обуки за комуникациски вештини за вработените во Секретаријатот на ДКСК, беше структуиран и спроведен анонимен прашалник/анкета за мерење на задоволството на вработените, а воедно беа започнати иницијални активности за изработка на ново софтверско решение за управување со човечките ресурси во ДКСК.

***ОБСЕ Мисија во Скопје***

Долгогодишната соработка со ОБСЕ Мисијата во Скопје продолжи и во 2023 година во насока на :

- Изработка и промоција на Анализа за проценка на ризици од корупција во правосудството
- Развивање на две нови лекции за платформата за Е-учење на ДКСК, на тема: "Транспарентноста како компонента на Политиката за интегритет" и "Родова димензија на корупцијата"
- Зајакнување на интегритетот и промовирање на транспарентноста и родовата димензија на корупцијата на локално ниво – ЕЛС. Во текот на 2023 година, ОБСЕ преку соработката со ДКСК, понуди поддршка за дополнително развивање на поединечните елементи од системот за интегритет на три општини: Општина Демир Хисар, општина Кратово, и Ѓорче Петров.
- Беше организиран настан на тема „Спроведување на политиката на интегритет во единиците на локалната самоуправа-научени лекции и препораки" и за запознавање на присутните со изработените е-лекции на тема „Транспарентноста како компонента на политиката на интегритет" и „Родовите аспекти на корупцијата" . Воедно беше извршено мапирање на идните активности во насока на поддршка на имплементацијата на системот за интегритет на локално ниво.

***UNDP***

И во 2023 година ДКСК ја продолжи соработката со UNDP. По спроведување на споменатата Анализа за проценка на ранливоста од корупција во јавните претпријатија (ЈП) во сопственост на Република Северна Македонија, на општините, односно на градот Скопје, како и во Акционерските друштва во доминанта сопственост на државата, UNDP целосно ја поддржа изработката на Антикорупциската програма за јавните претпријатија и трговските друштва во државна сопственост и сопственост на општините и Градот Скопје 2024-2025 со Акциски план,

како една од активностите за кои ДКСК е одговорна во Националната програма за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2021-2025.

Како партнери, ДКСК и УНДП заедно работеа на подигнување на медиумскиот интегритет во државата и беше создаден водичот за медиумски интегритет „Меѓу предизвиците и решенијата – Водич за интегритет на медиумите во Северна Македонија“ кој беше креиран преку широк консултативен процес и анализа на различни документи, посебно преку информациите и веќе мапираните проблеми во Националната стратегија за борба против корупција.

***Меѓународна фондација за изборни системи (IFES) со поддршка на USAID***

Во рамки на проектот „Активност за анти-корупција и интегритет“, финансиран од УСАИД, а спроведуван од Меѓународната фондација за изборни системи (ИФЕС), ДКСК во 2023 година оствари успешна соработка и доби значајна поддршка за:

- Спроведување на три циклуси на обуки за спроведување на интегритетот во институциите од јавниот сектор од централно ниво и судската власт
- Спроведување на антикорупциската едукација под логото “Биди херој на чесноста” во 13 основни училишта на територијата на Република Северна Македонија вклучувајќи и изработка, печатење и дистрибуција на едукативни памфлети и промотивен материјал за потребите на антикорупциската едукација
- Развивање на две нови лекции за платформата за Е-учење на ДКСК, на тема: “Управување со ризици од корупција и институционална корупција” и “Лобирање”
- Организација на Годишна конференција за оценка на остварувањето на Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2021-2025
- Изготвување на Извештај за градење на капацитетите на институциите за воведување на системот за интегритет, за сумирање на релевантните наоди за начинот на којшто во 2023 година се одвиваше процесот на градење на капацитетите на државните органи и институции од јавниот сектор во Република Северна Македонија во спроведување на системот за интегритет. Извештајот ги нотира клучните предизвици, овозможува ДКСК да ги планира следните чекори во развивањето на интегритетот и соодветно да дава препораки за подобрување на другите институции.

***Експертски мисии***

Од голема важност за ДКСК беа реализирани следните експертски мисии:

-Експертската мисија (22 и 23 ноември 2023 година) на тема судир на интереси, со посебен фокус на механизмите за спречување на конфликт на интереси и подигање на свеста насочена кон именувани и избрани лица. Ангажираните експерти одржаа средби и состаноци членови на ДКСК, а процес на дебата и едукација беше спроведен со вработените во Секретаријатот на ДКСК од Одделението за спречување на судир на интереси.

- Експертската мисија (07.02.2023 до 09.02.2023 година) за формирање на Аналитички центар во рамки на ДКСК со помош на експерт од Република Литванија. Одржани се средби со ретставници на ДКСК, Министерството за правда и претставници на граѓанските организации – членки на Платформата на невладини организации за борба против корупцијата. Целта на експертската мисија е да се процени моменталната состојба на институционалната и организациската поставеност како и законската регулатива, со цел да се предложат препораки за покорисни решенија за воведување на Аналитички центар во ДКСК. Целта на формирањето на Аналитички центар во рамките на ДКСК е да се зајакнат институционалните и организациски капацитети за спречување на корупцијата, како и да се подигне интегритетот и нивото на доверба кај граѓаните.

## 7. Буџет,*завршна сметка и финансирање*

Средствата за работењето на ДКСК се обезбедуваат од Буџетот на Република Северна Македонија преку буџетската сметка број 02003600466З719 што функционира преку Трезорскиот систем при Министерството за финансии како корисник на буџетот од прв ред.

Во табела 20 прикажани се средствата кои од Буџетот на РСМ се планирани за потребите на ДКСК во текот на 2022 и 2023 година.

Табела 20: Буџет и реализација на буџетот на ДКСК во денари

| Ставка | 2023 | | | 2022 | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Буџет** | **Реализа-ција** | **Реализа-ција на буџет во %** | **Буџет** | **Реализа-ција** | **Реализа-ција на буџет во %** |
| 40 - Плати и надоместоци | 49.583.647 | 47.228.815 | 95,2 | 35.614.000 | 35.275.473 | 99,0 |
| 42 - Стоки и услуги | 10.219.000 | 9.039.956 | 88.5 | 9.531.000 | 8.062.941 | 84.6 |
| 46 – Трансфери | 110.000 | 95.682 | 87,0 | 340.000 | 312.982 | 92,1 |
| 48 - Капитални расходи | 3.949.353 | 1.162.565 | 29,4 | 1.339.000 | 998.902 | 74,6 |
| **Вкупно:** | **63.862.000** | **57.527.018** | **90,1** | **46.824.000** | **44.650.298** | **95,4** |

Во Табела 21 се прикажани планираните расходи во текот на 2023 година по намени и поединечните трошења од ставките за расходи.

Табела 21: Планирани и реализирани расходи на ДКСК во денари

| Расходи | 2023 | | 2022 | |
|---|---|---|---|---|
| | Буџет | Реализирано | Буџет | Реализирано |
| 401-Основни плати | 35.596.647 | 33.615.188 | 25.267.000 | 25.039.696 |
| 402-Придонеси за социјално осигурување | 13.507.000 | 13.133.627 | 9.947.000 | 9.839.777 |
| 404-Надоместоци | 480.000 | 480.000 | 400.000 | 396.000 |
| 420-Патни и дневни расходи | 2.480.000 | 2.402.714 | 1.230.000 | 934.652 |
| 421-Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 3.550.000 | 3.549.555 | 4.365.000 | 3.948.251 |
| 423- Материјали и ситен инвентар | 800.000 | 508.345 | 750.000 | 676.691 |
| 424-Поправки и тековно одржување | 1.700.000 | 1.280.063 | 2.074.000 | 1.902.938 |
| 425-Договорни услуги | 1.106.000 | 730.924 | 776.000 | 296.922 |
| 426-Други тековни расходи | 583.000 | 568.355 | 336.000 | 303.487 |
| 464-Разни трансфери | 110.000 | 95.682 | 340.000 | 312.982 |
| 480-Купување на опрема и машини | 861.399 | 125.924 | 910.000 | 900.817 |
| 482-Други градежни објекти | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 483-Купување на мебел | 1.019.954 | 933.970 | 330.000 | 0 |
| 485-Вложување и нефинансиски средства | 2.068.000 | 102.671 | 99.000 | 98.085 |
| **ВКУПНО:** | **63.862.000** | **57.527.018** | **46.824.000** | **44.650.298** |

Во најголем дел планираните средства се наменети за исплата на плати, даноци и придонеси од плати за 47 административни службеници и седум избрани членови на Комисијата.

Средства се потрошени за секојдневното функционирање на ДКСК, односно за плаќање на: патни трошоци за членови на комисијата, комунални услуги, греење, комуникација и транспорт, пошта, телефон, интернет, услуги за превод на материјали, копирање, печатење и издавање, осигурување на недвижности, ангажирање на две надворешни лица за користење на надворешна експертиза согласно член 28 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и слично.

Забележливо е зголемување на потрошените средства за:

- плати, даноци и придонеси за членовите поради зголемување на платите на избрани и именувани лица , и на вработените во ДКСК;
- патни и дневни расходи за исплата на патни трошоци поради зголемување на цената на горивата, како и остварени патувања во странство за учество на претставници на ДКСК во поглавјата за кои во Брисел се водеа билатерланите преговори во однос на усогласеноста на македонското законсодавство со AQUSI.
- комунални услуги и тековно одржување поради зголемување на цената на електричната енергија и

- купување на канцелариски мебел.

Од Годишниот план за јавни набавки донесен во јануари 2023 година и една измена во текот на годината, спроведени се 13 јавни набавки од планираните 19. Шест набавки не се спроведени. Најголем дел од планираните средства за јавни набавки, со проценета вредност од 7.800.000 денари без вклучен ДДВ беа наменети за набавка на Системски софтвер-база на податоци останаа неискористени и вратени во Буџетот на РСМ за други намени.

## 8. *Заклучоци*

ДКСК континуирано работи на зголемување на бројот на вработените во Секретаријатот, но и обезбедување на соодветни обуки, тренинзи и студиски посети заради стекнување на потребни вештини и знаења, подобрување на веќе стекнатите вештини за ефективно извршување на работните задачи.

Реализацијата на планираните активности од Националната стратегија 2021-2025 кои требаше да бидат релизирани во 2023 година, но и активностите кои во текот на 2022 не беа реализирани или беа започнати а пренесени за реализација во 2023 година, е многу мал и изнесува 13%. Ова укажува на недоволната посветеност на институциите за навремено извршување на планираните активност.

| **20** | Училишен одбор на ///// и известен МОН | 15.09.2023 | При спроведување на постапка за јавна набавка , лицето ангажирано како///// во училиштето, создало услови во ТД со на начин што правното лице каде тој е сопственик и управител - ///// ДООЕЛ Скопје е единствен понудувач и го добил договорот . потврдено со мислење од Комисијата за заштита на конкуренцијата | Иницијатива за поведување постапка за утврдување на одговорност на ///// во својство на директор на ///// Скопје, | |

## ИНИЦИЈАТИВИ ПРЕД НАДЛЕЖНИ ОРГАНИ ЗА ПОВЕДУВАЊЕ ПОСТАПКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ОДГОВОРНОСТ НА СЛУЖБЕНИ ЛИЦА

| р.број | Иницијативата е | | Основ за иницијативата | Со иницијативата се бара | Ефект од постапување |
|---|---|---|---|---|---|
| | доставена до | датум на доставување | | | |
| **21** | Судски совет на РСМ | 21.09.2023 | Службеното лице /////, вработен во Општина /////, постапувајќи по предметот на ///// АД ///// од 02.10.20// година, за отуѓување на градежно земјиште со непосредна спогодба, во својство на претседател на комисија за отуѓување на градежното земјиште, прифатил геодетски елаборат бр. 01-//// од 21.08.20// година од геодетската фирма ///// ДООЕЛ /////, каде работи неговата сопруга /////, и овозможил остварување имотна корист на геодетската фирма, а со тоа и корист на неговата сопруга по основ на примања од работен однос. Во текот на постапката доставувал податоци за изработка на претходно наведениот геодетски елаборат, врз основа на кој е извршена промена на културата на земјиштето на КП ////// КО ///// од јавно добро – пат во градежно изградено земјиште, со крајна цел на ///// АД /////, во управната постапка, да му овозможи да се стекне со право на откуп на ова градежно земјиште, што било и сторено со склучување на договор на 29.12.20// година кај нотар ///// од /////, заведен под ОДУ бр. ///// во вид на солемнизација – потврда на приватна исправа - Договор за отуѓување на градежно земјиште со непосредна спогодба, склучен помеѓу Општина ///// како подавач и ///// АД ///// како продавач. За евидентирање на предметната трансакција од страна на Агенција за катастар на недвижности на РСМ била издадена Потврда бр.///// /20//од 23.0 | Постапка за преиспитување на постапувањето и утврдување одговорност на судиите од /// суд на РСМ и //// суд на РСМ во процесот на носење одлукит во овој предмет | |
| **22** | Инспекциски совет на РСМ | 28.11.2023 | По основ на наводи за пречекорување на надлежности при вршење надзор, непреземање активности при надзорот и нереализирање на акти од истиот.<br>ДКСК утврди состојби кои укажуваат на сомнежи за пречекорување на службените овластувања, од страна на службено лице во секторот за ////// во ///////, заради што се доставува иницијатива до Инспекциски совет на РСМ, заради утврдување професионална одговорност на службено лице //////, инспектор за////// во //////. | Сомнежи за пречекорување на службените овластувања од страна на службено лице во секторот за ////// во ///////, заради што се доставува иницијатива до Инспекциски совет на РСМ, заради утврдување професионална одговорност на службено лице //////, инспектор за////// во //////. | |
| **23** | Влада на РСМ | 18.12.2023 | Лошо управување со инстиуцијата и незаконитости во распределување на буџетски средства што е потврдено со неповолното мислење на ДЗР во РИ за 20// година | Иницијатива за поведување постапка за утврдување на одговорност на директор на Агенција за //////, | |

**ПРИЛОГ 2**

## ИНИЦИЈАТИВИ ПРЕД НАДЛЕЖНИ ОРГАНИ ЗА ПОВЕДУВАЊЕ ПОСТАПКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ОДГОВОРНОСТ НА СЛУЖБЕНИ ЛИЦА

| р.број | Иницијативата е | | Основ за иницијативата | Со иницијативата се бара | Ефект од постапување |
|---|---|---|---|---|---|
| | доставена до | датум на доставување | | | |
| **24** | Управен одбор на ЈП за ///// на РСМ | 29.11.2023 | По основ наводи за неправилности при склучување на Договор за јавна набавка за Косење трева и плевел, расчистување грмушки, кастрење гранки и сечење дрва, чистење и собирање на смет во среден и патен појас на автопат во времетраење од две години помеѓу, ЈПДП и Друштвото за трговија, сообраќај и услуги /////// увоз-извоз од /////.<br>ДКСК при своето надлежно постапување утврди постоење на сомнежи за незаконско работење на службеното лице /////  директор на ЈП за///// на РСМ, на начин што ги прекршил член 119 и член 63 од Законот за јавни набавки, односно дека од страна на ЈПДП се извршени измени на договорот надвор од времето на неговата важност спротивно член 119 од Законот за јавни набавки и спротивно точка 6 од Посебните услови - важен дел и прилог кон договорот  бр.08-8145/30 од 12.12.2019 година, каде таксативно се вели: „Овој договор може да се продолжи само во случај на виша сила„, што не се совпаѓа со фактичката состојба. | Сомнежи за незаконско работење на службеното лице ///// директор на ЈП за///// на РСМ, и продолжување на договор за јавна набавка спротивно на член 119 и член 63 од Законот за јавни набавки,  казнив со член 181 од истиот закон. | |
| **25** | Комисија за //////на РСМ | 28.12.2023 | Сомнежи за несовесно работење, искористување и злоупотреба на службената положба и овластувања од страна на министер, други службени лица од Министерство за ///// на РСМ, како и преку уцена, измама, злоупотреба на јавен повик и со прекршување на меѓународен договор,  службено лице /////, поранешен директор на АД ///// Скопје и други службени лица од АД ///// Скопје – непознати сторители во својство на членови на комисија за спроведување набавка на ///// за потребите на АД ///// Скопје / АД /////,  со што овозможиле монополско дејствување на домашниот пазар за /////, по пат на директна интервенција на страната на понудата на ///// на домашниот пазар во РСМ, со цел предизвикување криза и пораст на цената на ///// и со тоа остварување профит за ////// ДОО Скопје, ///// АД Скопје и за странско правно лице – ////// од ////// на штета на јавниот интерес во РСМ, стопанството и граѓаните на РСМ и пораст на цената на /////. | Постапка за утврдување одговорност против ////// АД Скопје, нејзиниот индиректен доминантен сопственик ///// од ///// (поранешен назив ////// од //////) и ///// ДОО Скопје, поради сомнежи за монополско и непријателско здружување на пазарот за ///// во РСМ, по пат на трговија со инсајдерски информации на пазарот за /////// во РСМ (EU /////). | |
| **26** | Регулаторна комисија за ////// на РСМ | 28.12.2023 | | Против ///// ДОО Скопје и ///// АД Скопје, поради сомнежи за намерна директна интервенција на страната на понудата на ///// на пазарот во РСМ, со цел предизвикување криза и пораст на цената на ///// и со тоа пораст на цената на //////. | |
| **27** | Упрва за јавни приходи на РСМ | 28.12.2023 | | Утврдување на одговорност   на ////// ДОО Скопје и ////// АД Скопје, поради сомнежи за даночно затајување по основ на ДДВ и данок на добивка како и евазија на т.н. “солидарен данок на добивка” од страна на ///// ДОО Скопје | |
| **28** | Управа за финансиска полиција на РСМ | 28.12.2023 | | Утврдување на одговорност   на ////// ДОО Скопје и ////// АД Скопје, поради сомнежи за даночно затајување по основ на ДДВ и данок на добивка како и евазија на т.н. “солидарен данок на добивка” од страна на ///// ДОО Скопје | |

## ДАДЕНИ ПРЕПОРАКИ КОН ОРГАНИ И ИНСТИТУЦИИ ЗА НАДМИНУВАЊЕ НА КОНСТАТИРАНИ РИЗИЦИ

| р.број | Препораката е | | Краток опис на препораката | Ефект од постапување |
|---|---|---|---|---|
| | доставена до | датум на доставување | | |
| 1 | Општина Вевчани | 25.01.2023 | Како управител за предметното заштитено подрачје и корисник на резултатите од Проектот, по однос на: 1) Исполнување на обврската која Општината ја има преземено согласно усвоениот План за управување со споменикот на природата Вевчански извори 2019-2029 година во глава 10, според кој општина Вевчани како надлежен субјект за управување со ова заштитено подрачје има преземено обврска за воспоставување на соодветна структура за управување со Споменик на природа „Вевчански извори" помеѓу кои и обезбедување на чувари на заштитеното подрачје и има обврска да го имплементира планот за управување во целост.<br>2) Општина Вевчани, која согласно Законот за прогласување на „Вевчански извори" за Споменик на природа е определена да управува со ова заштитено подрачје, да постапи во насока на успешно управување со подрачјето со цел негова заштита и како надлежен субјект за управување со ова заштитено подрачје, да го имплементира планот за управување во целост а согласно член 108 од Законот за заштита на природата (Непосредна заштита на заштитените подрачја) да воспостави/ основа/ обезбеди чувари на заштитеното подрачје - чуварска служба (ренџерска служба) и одделение/сектор за заштита на животната средина во рамки на Општината, како и да спроведе сертификација на чуварската служба, односно, по назначувањето за чувар на заштитено подрачје лицето да се упати да полага стручен испит согласно со програмата која ја пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштитата на природата.<br>3) Заради реализиране на точка 2), Општина Вевчани да направи измена и дополнуваање на Правилникот за систематизација на работните места во Општината и во истата да предвиди посебно одделение/сектор за заштита на животната средина и чуварска служба (ренџерска служба). | |
| 2 | Министерство за животна средина и просторно планирање на РСМ | 25.01.2023 | ДКСК дава Препорака до Министерството за животна средина и просторно планирање, како орган на државната управа кој е надлежен за вршење на работите од областа на заштитата на природата, да постапи во рамките на своите законски надллежности и да изрши контрола во Општина Вевчани по однос на несиполнувањето на погоренаведените обврски и надзор врз спроведувањето на одредбите на Законот за заштита на природата. | |
| 3 | Собрание на РСМ | 26.01.2023 | Да се воспостави пракса документацијата што кандидатите ја поднесуваат до Собрание на РСМ по објавени огласи за избор на лица кои Собранието ги бира и именува, да се објавуваат на веб страната | |
| 4 | МИОА | 26.01.2023 | Изнаоѓање на системско решение за воспоставување на единствен испитен центар за верификација на познавање на странски јазици. Уредено со Закон за висока раководна служба | |

**ДАДЕНИ ПРЕПОРАКИ КОН ОРГАНИ И ИНСТИТУЦИИ ЗА НАДМИНУВАЊЕ НА КОНСТАТИРАНИ РИЗИЦИ**

| р.број | Препораката е | | Краток опис на препораката | Ефект од постапување |
|---|---|---|---|---|
| | доставена до | датум на доставување | | |
| 5 | Општина Гази Баба | 24.01.2023 | Приклучувањето на водоводната мрежа во населбите Гоце Делчев, Јурумлери, Идризово и Колонија, кои територијало и' припаѓаат на Општина Гази Баба, а каде главната вововодна линија е во сопственост на ЈКП Водовод Илинден, да се уреди со договор за меѓуопштинска соработка, одобрен од Советите на двете општина - Општина Гази Баба и Општина Илинден | |
| 6 | ЈКП Гази Баба 2007 | 24.01.2023 | | |
| 7 | Општина Илинден | 24.01.2023 | | |
| 8 | ЈКП Водовод Илинден | 24.01.2023 | | |
| 9 | ЈКП Петровец | 18.04.2023 | Препорака за враќање на приклучокот на подносителот на подносителот во поранешна состојба, пред преземањето на водоводната мрежа во с. Кожле, Општина Петровец, РСМ. | |
| 10 | УКЛО Битола | 11.05.2023 | Препорака : Да се изврши измена и дополнување на Правилникот за реализација на проекти финансирани од меѓународни програми, домашни и/или странски институции, влади или фондови и во Упатството за реализација на проекти финансирани од меѓународни програми, домашни и/или странски институции, влади или фондови на Универзитетот „Св. Климент Охридски" – Битола, со додавање на критериуми за избор и селекција на професорите кои се избираат во тимот за имплементација на проектите | |
| 11 | Комора на медијатори на РСМ | 12.05.2023 | Да се постапи по укажувањата на Министерство за правда на РСМ дадени во Записникот од извршен надзор бр. 09-267/2 од 17.03.2023 година | |
| 12 | Министерство за правда на РСМ | 20.06.2023 | Да се преземат мерки за извршување на пресудата XLIIП1-636/19 од 07.10.2020 година, правосилна од 10.02.2021 година | Министерство за правда на РСМ нема да преземе мерки, затоа што присилното извршување го спроведуваат извршителите согласно со Закон. |
| 13 | Инспекциски совет | 21.07.2023 | Препорака за проверка на непостапување на инспекторот по однос на неговото право при вршење на инспекциски надзор, предвидено во членот 79 став 2 точка 8 од Законот за инспекцискиот надзор. В.в. Предмет со наводи за сомневање во постапката за избор на ВД директор во правниот субјект Јавно претпријатие ////// | Инспекцискиот совет постапил и ги донел следниве заклучоци: „Од севкупната анализа на актите кои произлегуваат од постапувањето на Државниот инспектор за труд /////, е утврдено дека предметниот инспектор постапил согласно своите законски надлежности и оттука произлегува дека наводите не се основани при што истата се смета за затворена.“ |
| 14 | Инспекциски совет | 21.07.2023 | Препорака за проверка на непостапување на инспекторот по однос на неговото право при вршење на инспекциски надзор, предвидено во членот 79 став 2 точка 8 од Законот за инспекцискиот надзор. - в.в. предмет со наводи за сомневање во законитоста на постапката за назначување В.Д. Директор на ЈУ ///// Скопје | Инспекцискиот совет постапил и ги донел следниве заклучоци: „Од севкупната анализа на актите кои произлегуваат од постапувањето на Државниот инспектор за труд //// е утврдено дека предметниот инспектор постапил огласно своите законски надлежности и е утврдено дека наводите не се основани при што истата се смета за затворена.“ Додека за инспектори ///// и ///// наводите се основани и се иницирани дисциплински постапки. |
| 15 | Инспекциски совет | 24.07.2023 | Препорака за проверка на непостапување на инспекторот по однос на неговото право при вршење на инспекциски надзор, предвидено во членот 79 став 2 точка 8 од Законот за инспекцискиот надзор. - в.в. предмет со наводи за сомневање во законитоста на постапката за назначување В.Д. Директор на ЈУ //// | ќе провери и дополнително ќе извести дополнително: ќе следува соодветна постапка согласно Законот за инспекциски совет |

## ДАДЕНИ ПРЕПОРАКИ КОН ОРГАНИ И ИНСТИТУЦИИ ЗА НАДМИНУВАЊЕ НА КОНСТАТИРАНИ РИЗИЦИ

| р.број | Препораката е | | Краток опис на препораката | Ефект од постапување |
|---|---|---|---|---|
| | доставена до | датум на доставување | | |
| 16 | Министерството за култура | 24.07.2023 | Препорака со насоки дека министерството при формирањето на стручните комисии за вршење оцена на пријавите во Годишните конкурси кои ќе ги објавува во наредните години, да има позајакнати критериуми со цел да бидат вклучени посоодветни лица - надворешни соработници за поединечните области во кои истите ќе вршат оценка на поднесените апликации, како и тоа да биде разгледана можноста за донесување на внатрешен акт во кој ќе биде уреден начинот:и критериумите за избор на членови на стручните комисии. в.в. наводи во врска со поднесена апликација за учество на Конкурсот за финансирање проекти од национален интерес по одделни области и активности од културата за 2022 година, објавен од страна на Министерството за култура | |
| 17 | Влада на РСМ | 09.11.2023 | Препорака до овој надлежен орган заради свое надлежно постапување и преземеање дејствија и активности од своја надлежност во насока на надминување на тековните состојби со плажите на територијата на Охридското крајбрежје. - од причина што за конкретниот случај се констатирани слабости и непостапувања на надлежни органи и институции | |
| 18 | Министерство за транспорти и врски | 09.11.2023 | | |
| 19 | Управа за животна средина | 09.11.2023 | | |
| 20 | Управа за заштита на културно наследство | 09.11.2023 | | |
| 21 | Државен пазарен инспекторат | 09.11.2023 | | |
| 22 | Управа за јавни приходи | 09.11.2023 | | |

## УКАЖУВАЊА КОН ИНСТИТУЦИИТЕ ЗА НАДМИНУВАЊЕ НА СОСТОЈБИ

| р.број | Укажувањето е | | Краток опис на укажувањето | Ефект од постапување |
|---|---|---|---|---|
| | доставена до | датум на доставување | | |
| 1 | Заменик претседателот на Владата на РСМ - Грковска | 05.05.2023 | Укажување до Заменик претседателот на Владата на РСМ, по доставени докази за користење на службени простории за одржување на состаноци за  партиски цели од страна на ///// - Министерство за /////.... | изречена опомена за почиТување на  Кодекс за етичко однесување за членовите на владата и носителите на јавни функции именувани од страна на владата |
| 2 | Министерство за образование и наука | 11.08.2023 | Укажување за потребата од уредување на механизмите за контрола и следење кои се однесуваат на трошењето на буџетските средства од страна на државните училишта, користењето на службените возила и следењето на присуството на работното место на раководниот персонал. | |
| 3 | Министерство за труд и социјална политика | 07.09.2023 | Укажување за преземање мерки и активности за доуредување на статусот, надлежностите и начинот на работата на Комисијата за лиценцирање на стручни лица во системот за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст и на директори на установи за деца во законот и во подзаконските акти. | |
| 4 | Влада на РСМ | 17.11.2023 | Од причина што во случајот се детектирани низа слабости, состојби на непостапување на надлежни органи и неусогласеност на актите и статутите на Стоматолошките Друштва и Стоматолошката Комора, а по наводите во пријавата кои се однесуваат на повреда на индивидуалните права на подносителите заведени се постапки пред надлежни судски органи од кои некои се завршени е по некои постапката е се уште во тек и не е донесена судска одлука. | |
| 5 | Биро за јавни набавки | 21.11.2023 | Да постапи согласно член 172 став 5 од Законот за јавните набавки, односно да продолжи со постапување и да го достави известувањето до надлежно обвинителство | |
| 6 | Миностерство за информатичко општество и администрација на РСМ | 28.11.2023 | До Министерство за информатичко општество и администрација да се достави укажување по однос на состојбите за издадената согласност на актите за изменување и дополнување на внатрешната организација и работа и систематизација на работните места на ЈП за водостопанство ///// од /////, спротивно на Законот за јавните претпријатија, врз основа на што се овозможило на две службени лица - ///// и /////, спротивно на закон да се стекнат со вработување на неопределено полно работно време | |

# УКАЖУВАЊА КОН ИНСТИТУЦИИТЕ ЗА НАДМИНУВАЊЕ НА СОСТОЈБИ

| р.број | Укажувањето е | | Краток опис на укажувањето | Ефект од постапување |
|---|---|---|---|---|
| | доставена до | датум на доставување | | |
| 7 | Министерство за одбран | 29.11.2023 | Укажување за преземање соодветни мерки и активности од страна на Министерството за утврдување на потребата од склучување на договори на дело, како и за соодветна контрола за извршување на активностите од вршителите на работи согласно склучените договори, со цел наменско трошење на јавните средства и намалување на ризиците од корупција. | |
| 8 | Основно јавно обвинителство Скопје | 29.12.2023 | До Основно јавно обвинителство Скопје, да се достави писмено укажување во врска со состојбите за овој предметен случај, а во врска со Известувањето на Министерство за внатрешни работи на РСМ бр. 22.21.16.1-4468 од 22.11.2023 година, упатено до истото ова обвинителство. | |
| 9 | Собрание на РСМ | 29.12.2023 | Укажување со наведување на потребата од именување на членови на Програмскиот совет, а заради целосно, континуирано и законско работење на Јавното радиодифузно претпријатие Македонска радио и телевизија | |
| 10 | Министерство за внатрешни работи | 29.12.2023 | укажување за преземање на мерки и активности во нивна надлежност по однос на пријавеното лице како вработено лице во Министерството | |
| 11 | Влада на РСМ | 28.12.2023 | Во смисла на утврдените состојби по предметот, Државната комисија за спречување на корупцијата, со овој допис, упатува иницијатива до Владата на РСМ да ја разгледа можноста за поведување на меѓународен спор против ///// од ////// (поранешен назив////// од //////), заради прекршување на меѓународен договор за испорака на ///// преку ////// кој бил во функција на ////// АД Скопје. | |
| 12 | Министерство за труд и социјална политика | 27.11.2023 | До МТСП известување за преземање на надлежност од нивна надлежност по однос на констатирани пропусти при издадени конзилијарни мислења од Комисија при ЈЗУ УК за уво нос и грло | предлагаат известувањето да се достави до Министерство за здравство |
| 13 | Собрание на РСМ - Комисија за прашањата на изборите и именувањата | 25.09.2023 | Предлог за разрешување на ////// од функцијата Заменик директор на Агенцијата за ////// поради неисполнување на условот за негово именување од членот 32 став 3 точка 2 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, а врз основа на член 33 став 3 алинеја 1 од истиот закон. | |

## ДОСТАВЕНИ ИНИЦИЈАТИВИ ДО НАДЛЕЖНИ ОРГАНИ ЗА ПОВЕДУВАЊЕ ПОСТАПКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ОДГОВОРНОСТ НА СЛУЖБЕНИ ЛИЦА ПОРАДИ СОСТОЈБИ НА СУДИР НА ИНТЕРЕСИ

| р.број | Иницијативата е | | Основ на иницијатива | Со иницијативата се бара | Ефект од постапување |
|---|---|---|---|---|---|
| | доставена до | датум на доставување | | | |
| 1 | Агенција за храна и ветеринарство | 25.09.2023 | Советник инспектор - официјален ветеринар во ГП Меџитлија во Одделение за државна ветеринарна инспекција на граничен премин не постапила согласно член 75 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, односно постапувала во состојба на судир на интереси и вршела надзор во месарници и давала усни наредби за да се користат услуги од Лабораторија, како и усно соопштувала резултати од наодите од самата лабораторија, каде сопственик е нејзино блиско лице. | Да се поведе постапка за утврдување на одговорност кај лицето | Донесено е Решение за изрекување на дисциплинска мерка со која и се изрекува парична казна во висина од 30% за еден месец и исто така е преместена со работно место во ГП Меџитлија. |
| 2 | Министерство за здравство | 31.04.2023 | Директор на ЈЗУ Здравствен дом постапил спротивно на член 72 и член 75 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, поради непреземање на мерки за спречување на влијанието на неговиот приватен интерес врз извршувањето на неговите јавни овластувања при спроведување на постапка за вработување за самиот себе по објавен Јавен оглас за работно место-доктор на стоматологија, како и спроведен Интерен оглас за доделување на специјализација по детска и превентивна стоматологија од УКИМ Стоматолошки факултет за самиот себе. | Да се поведе постапка за утврдување на одговорност кај лицето | Нема одговор од министерството |
| 3 | Стручен колегиум и директорот на ЈЗУ Центар за рехабилитација на патологија на вербална комуникација | 15.09.2023 | Претседателка на Управниот одбор на ЈЗУ Центар за рехабилитација на патологија на вербална комуникација - Скопје не побарала да биде изземена и да запре со своето постапување кога дознала за околностите што може да ја доведат до судир на интереси, односно се довела до ситуација на судир на интереси кога не го пријавила приватниот интерес што го имала како претседател на здружението на кое се исплатени финансиски средства од страна на здравствената установа каде таа е вработена и исто така е претседател на управниот одбор. Покрај наведеното, истата го прекршила членот 75 став 1 од ЗСКСИ и во ситуација кога не побарала да биде изземена и да запре со своето постапување на седницата одржана на ден 08.10.2021 година и ја потпишала Одлуката со бр. 0201-1093 од 08.10.2021 година, односно не го пријавила приватниот интерес за посетување на стручна доедукација на специјалистички академски студии по Рана интервенција во детството на Медицинскиот факултет во Нови Сад, Р. Србија. | Да се поведе постапка за утврдување на одговорност кај лицето | донесено е Решение дека на лицето се изрекува мерка Јавна опомена поради небрежно вршење на работните задачи со полесни последици од повредата |

**ДОСТАВЕНИ ИНИЦИЈАТИВИ ДО НАДЛЕЖНИ ОРГАНИ ЗА ПОВЕДУВАЊЕ ПОСТАПКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ОДГОВОРНОСТ НА СЛУЖБЕНИ ЛИЦА ПОРАДИ СОСТОЈБИ НА СУДИР НА ИНТЕРЕСИ**

| р.број | Иницијативата е | | Основ на иницијатива | Со иницијативата се бара | Ефект од постапување |
|---|---|---|---|---|---|
| | доставена до | датум на доставување | | | |
| 4 | Училишен одбор на ООУ „Лирија“ с.Житоше, Општина Долнени | 12.04.2023 | Директор на ООУ „Лирија“ с.Житоше, Општина Долнени не постапил согласно член 75 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси. Истиот потпишал неколку Договори за вработување на неопределено време на свое блиско лице (сопруга) во истото училиште каде што извршува јавни овластувања | Да се поведе постапка за утврдување на одговорност кај лицето | Лицето повеќе не ја извршува функцијата директор. |
| 5 | Училишен одбор на Државно музичко училиште Битола | 13.09.2023 | Директор на Државно музичко училиште Битола не постапил согласно член 75 став (1) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси. Имено, не се изземал од постапувањето и одлучувањето во врска со изборот на работно место во истото училиште и не запрел со своето постапување, туку донел одлука за прием на работникот-неговата сопруга и склучил договор за вработување со именуваната, а овие акти се потпишани лично од него, спротивно од член 75 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси | Да се поведе постапка за утврдување на одговорност кај лицето | Се отфрла иницијативата |
| 6 | ЈП ,,Национални шуми,, - Подружница ,,Осогово,, Кочани | 21.11.2023 | Вработен во ЈП за стопанисување со државни шуми, Национални шуми п.о.Подружница ШС Осогово Кочани на работно место референт за сеча и дотур, потпишувал приемници за сеча (примил/предал), а притоа како друга страна се јавува правното лице Друштво за производство, трговија и услуги увоз-извоз ЈУГЛАНС ДООЕЛ Кочани, иако истовремено кај ова правно лице е ангажиран на дополнително работно време од 10 часа неделно сметано од 09.06.2020 година, исто така на работно место референт за сеча и дотур, што е видно од Пријава/Одјава во задолжително социјално осигурување-Образец М1/М2. На овој начин именуваниот не постапил согласно член 75 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси. | Да се поведе постапка за утврдување на одговорност кај лицето | Нема одговор од институцијата |

**ДОСТАВЕНИ ИНИЦИЈАТИВИ ДО НАДЛЕЖНИ ОРГАНИ ЗА ПОВЕДУВАЊЕ ПОСТАПКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ОДГОВОРНОСТ НА СЛУЖБЕНИ ЛИЦА ПОРАДИ СОСТОЈБИ НА СУДИР НА ИНТЕРЕСИ**

| р.број | Иницијативата е | | Основ на иницијатива | Со иницијативата се бара | Ефект од постапување |
|---|---|---|---|---|---|
| | доставена до | датум на доставување | | | |
| 7 | Државен просветен инспекторат и до Инспекциски совет на РСМ | 21.11.2023 | Државен просветен инспектор не постапил согласно член 72 и член 75 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси. Имено, истиот вршел инспекциски надзори во Меѓународниот Славјански Универзитет ,,Гаврило Романович Державин,, Св.Николе-Битола каде бил запишан прв циклус во академската 2017/2018 година, а дипломирал на 14.07.2020 година, па во време кога вршел инспекциски надзори во текот на 2018-2019 година постоеле околности кои укажуваат на постоење судир на интереси, односно имал приватен интерес што можело да влијае врз извршувањето на неговите овластувања и должности | Да се поведе постапка за утврдување на одговорност кај лицето | Инспекциски совет на РСМ извести дека иницијативата ќе ја достави до Државен просветен инспекторат. Државен просветен инспекторат извести дека е доставено Укажување до сите просветни инспектори да внимаваат на потенцијален судир на интереси и доколку имаат во план да се запишат на некоја високо образовна установа во рок од 30 дена да го известат својот непосредно претпоставен за истото |
| 8 | Агенција за храна и ветеринарство | 07.06.2023 | Раководител на одделението за државна инспекција за здравствена заштита на животните при Агенцијата за храна и ветеринарство, затоа што учествувал во вршење на инспекциски надзор во Ветеринарната станица и во Прифатилиште за сместување на бездомни кучиња, иако како закуподавач на објектот каде се наоѓа Ветеринарната станица, се јавува правното лице КОНТИНЕНТАЛ ДОО, чиј сопственик е Симо Костов и имал приватен и финансиски интерес, а не постапил согласно член 72 и член 75 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси. | Да се поведе постапка за утврдување на одговорност кај лицето | Покрената дисциплинска постапка против службеното лице, но Комисијата по спроведена постапка за утврдување на дисциплинска одговорност доставила предлог до директорот да го отфрли покренувањето по што донесено е решение за отфрлање на предлогот за покренување на дисциплинската постапка |

**ДОСТАВЕНИ ИНИЦИЈАТИВИ ДО НАДЛЕЖНИ ОРГАНИ ЗА ПОВЕДУВАЊЕ ПОСТАПКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ОДГОВОРНОСТ НА СЛУЖБЕНИ ЛИЦА ПОРАДИ СОСТОЈБИ НА СУДИР НА ИНТЕРЕСИ**

| р.број | Иницијативата е | | Основ на иницијатива | Со иницијативата се бара | Ефект од постапување |
|---|---|---|---|---|---|
| | доставена до | датум на доставување | | | |
| 9 | ОЈО Струга | 08.08.2023 | Градоначалник на Струга, поради основани сомненија за сторено кривично дело по член 353 став (1) од Кривичниот законик, „Злоупотреба на службената положба и овластување" и Адем Ајдароски, именувано лице за ВД директор на ООУ ,,Гоце Делчев,, с.Подгорци, поради основани сомненија за сторено кривично дело во врска со член 353-в став (1) од Кривичниот законик, „Несовесно работење во службата". ДКСК, при своето надлежно постапување за предметниот случај утврди дека ваквото постапување на Градоначалникот на Општина Струга упатува на преземени активности за именување на лице за вршител на должност што претставува основ за сомневање за сторено кривично дело од член 353 став (1) од Кривичниот законик, „Злоупотреба на службената положба и овластување". Имено наведеното лице, со вака преземеното дејство овозможил лицето именувано за вршител на должност директор да се стекне со лична корист и притоа била ускратена можноста на други лица кои ги исполнувале условите утврдени во Закон, да се пријават за предметната функција и да бидат именувани на истата а со што им била нанесена штета. Воедно, постапувањето на лицето, кое било избрано/именувано за ВД директор во предметното училиште, упатува на дејствија за негово несовесно работење што за ДКСК дава основ за сомневање за сторено кривично дело од член 353-в став (1) од Кривичниот законик, „Несовесно работење во службата", од причина што тој го прифатил изборот за ВД директор, со што овозможил да прибави за себе некаква корист а на други лица да им се нанесе штета. | Поведување постапка за кривично гонење | Не е доставен повратен одговор |

## ПРЕГЛЕД НА СТАТУСОТ И ПОСТАПУВАЊАТА НА ОРГАНИТЕ ПО ИЗДАДЕНИТЕ ИЗВЕШТАИ И МИСЛЕЊА ЗА ИЗВРШЕНАТА АНТИКОРУПЦИСКА ПРОВЕРКА НА ЛЕГИСЛАТИВАТА

**ПРИЛОГ 6**

| | Правен акт на кој се врши АПЛ | Опфат | Основ | Издаден акт | Постапување од институциите |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Закон за средното образование | Цел закон | Годишен план | Во тек | / |
| 2. | Закон за извршување на санкции | Одредби од закон | Годишен план | Во тек | / |
| 3. | Закон за финансиската инспекција во јавниот сектор | Цел предлог Закон | Годишен план | Извештај | Нема одговор |
| 4. | Законот за инвалидски организации | Одредби од Предлог Закон | Годишен план | Во тек | / |
| 5. | Закон за индустриски и зелени зони | Цел Закон | Годишен план | Извештај | Нема одговор |
| 6. | Закон за беспатна правна помош | Цел закон | Годишен план | Извештај | Нема одговор |
| 7. | Закон за Државното правобранителство | Правна заштита за имотните права и интереси на РМ | По сопствена иницијатива | Извештај | Нема одговор |
| 8. | Предлог Закон за систем на плати во јавниот сектор | Цел предлог закон | Сопствена иницијатива | Извештај | Нема одговор |
| 9. | Законот за културата,<br>Законот за вработените во јавниот сектор,<br>Закон за прекршоците и<br>Закон за агенциите за привремени вработувања | На одредбите кои се однесуваат на постапките за именување и разрешување на директори - вршители на должноста и привремени вработувања во јавните институции, | По сопствена иницијатива | Извештај | / |
| 10. | На законски акти со кои се доделуваат државни стипендии односно финансирање на научно истражувачки кадри | На одредбите кои се однесуваат на доделување стипендии и финансирање НУК | По сопствена иницијатива | Во тек | / |
| 11. | Закон за здравствената заштита | Само на член 164 | По сопствена иницијатива | Извештај | Нема одговор |
| 12. | Закон за ревизија | Одредби од законот | По сопствена иницијатива | Извештај | Нема одговор |
| 13 | Закон за урбанистичко планирање,<br>Закон за градежно земјиште,<br>Закон за градење,<br>Правилник за формата и содржината на барањето, потребната документација и образецот на решението за изведување на градбите, даденото задолжение на Министерството за транспорт и врски од 2014 | Законска регулатива од областа на Урбанизмот- за Охридско Езеро | По сопствена иницијатива | Извештај | Нема одговор |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | година, План за управување со природното и културно наследство на Охридскиот регион | | | | |
| 14. | На одредбите на Законот за адвокатурата | членови 20, 21, 22, 23, 24 | По сопствена инцијатива | Извештај | Нема одговор |
| 15. | Закон за изменување и дополнување на Законот за централен регистар | Цел Закон | По барање од Министерство за финансии | Мислење | Нема одговор |
| 16 | Нацрт законот за вработените во Министерството за одбрана | Цел закон | По барање на Министерство за одбрана | Мислење | Нема одговор |
| 17 | Предлог Законот за високо раководна служба | Цел предлог закон | По сопствена иницијатива | Мислење | Нема одговор |
| 18. | Предлог на Закон за изменување и дополнување на Кривичен Законик | Усогласување со меѓународните стандарди на Европската унија | По барање на Министерство за правда | Мислење | Измените се направени пред да се издаде Мислење |
| 19. | Предлог Законот за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги | Измени и дополнувања на законот | По сопствена иницијатива | Мислење | Нема одговор |
| 20. | Предлог Закон за изменување и дополнување на Законот за земјоделско земјиште | Измените и дополнување на законот | По сопствена | Мислење | Нема одговор |
| 21. | Предлог на Закон за заштитено пријавување и заштита на укажувачи | Цел предлог закон | По барање Министерство за правда | Во тек | / |

# ВОВЕД

Во согласност со член 17 алинеја 18 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси ("Службен весник на Република Македонија" бр.12/19) Државната комисија за спречување на корупцијата (во понатамошниот текст: "Државната комисија" или "ДКСК") има надлежност да презема активности во насока на јакнење на личниот и институционалниот интегритет.
Со цел воспоставување на рамка за примена на системот за интегритет на централно и локално ниво, ДКСК во текот на 2021 и 2022 година, го започна воведувањето на системот на интегритет преку повеќе активности:

- Изработка на Насоки за примена на политиката на интегритет
- Изработка на Прирачник за лицата за интегритет
- Изработка на интерни документи заради поддршка на институциите вклучени во процесот
- Одржување на континуирани обуки на лицата за интегритет
- Повик за институциите од јавниот сектор и единиците од локалната самоуправа а го започнат процесот на воведување на системот на интегритет преку потпишување на Политика на интегритет и назначување на лице за интегритет.

Првиот циклус на следење на примената на системот на интегритет во јавниот сектор Државната комисија го спроведе во периодот од 01.12.2022 година до 31.12.2022 година, така што го објави прашалникот за примена на системот на интегритет до назначените лица за интегритет во институциите кои потпишале политика на интегритет.

Продолжувајќи го континуирано процесот за имплементација и следење на системот на интегритет, на крајот на 2023 година, се изработи овој Извештај, кој претставува показател на начинот на којшто во 2023 година се одвиваше процесот на имплементација на системот на интегритет во државните органи и институции од јавниот сектор. Извештајов е изготвен во вид на кратко резиме, кое содржи информации согласно направената анализа на одговорите добиени преку одговарање на Прашалникот за мониторинг на системот на интегритет од страна на институциите во периодот од 01.11.2023 – 30.11.2023 година.

Овој Извештај, втор по ред, има за цел да ги сумира релевантните податоци од посебните извештаи за мониторинг на имплементацијата на системот на интегритет на три нивоа на институции:

- институции од централна власт
- единиците на локалната самоуправа
- институциите од правосудството

Со цел овој процес да има поголема успешност, Државната комисија, разбирајќи ја важноста од потребата од едукација на лицата за интегритет, и во текот на 2023 година организираше и спроведе обуки и работилници за лицата за интегритет на државните органи и институции од јавниот сектор-потписници на политиката за интегритет.

Обуките и работилниците во текот на 2023 година беа реализирани во рамките на проектот „Активности за антикорупција и интегритет" спроведен од Меѓународната

фондација за изборни системи (ИФЕС), а финансиски поддржан од УСАИД. Активностите за градењето на капацитетите на институциите за воведување на системот за интегритет беа спроведени со сеопфатна поддршка на Секторот за стратешко планирање и интегритет во Државната комисија. Во текот на обуките, лицата за интегритет добија насоки за имплементирање на елементите на системот за интегритет, беа посочени на документите развиени од страна на Државната комисија во форма на упатства за изготвување на низа интерни акти кои се неопходни за воспоставување на системот за интегритет и низ отворени дискусии со нив им беа давани насоки и совети за имплементирање на елементите на системот за интегритет во нивните институции.

Дополнително, со лицата за интегритет од институциите кои во 2022 година потпишаа политика на интегритет, беа сумирани нивните досегашни напори за воведување на системот за интегритет и низ дискусија се разменија нивните искуства и знаења, се мапираа предизвиците во процесот на имплементирање на елементите на системот за интегритет.

По спроведување на процесот на едукација на лицата за интегритет, од страна на клучниот експерт се изработи Извештај за градење на капацитетите на државните органи и институции од јавниот сектор во Република Северна Македонија за воведување на системот за интегритет – првични согледувања, предизвици и препораки, во кој се сумираат клучните наоди за начинот на којшто во 2023 година се одвиваше процесот на градење на капацитетите на државните органи и институции од јавниот сектор во спроведување на системот за интегритет, се нотираат клучните предизвици во процесот и се укажува на одредени препораки.

Во последниот квартал од 2023 година, односно во периодот од 01.11.2023 – 30.11.2023 Државната комисија го започна процесот на следење на примената на системот на интегритет во јавниот сектор, преку објавување на Прашалникот за примена на системот на интегритет, преку Комуникацискиот портал на Државната комисија https://portal.dksk.mk/ до назначените лица за интегритет кои се регистрирани на истиот. Следењето на примената на системот на интегритет во јавниот сектор, Државната комисија го врши во согласност со Методологија за мониторинг на примената на системот за интегритет.

До денот на повикот за одговарање на прашалникот за мониторинг на системот на интегритет, следните институции ја потпишаа политиката за интегритет и назначија лица за интегритет:

- **Систем на интегритет за државните органи и институции од јавен сектор**

Вкупно 71 институција од централната власт со потпишана политика за интегритет, пристапила на комуникацискиот портал на Државната комисија заради одговарање на прашалникот за мониторинг на системот на интегритет. Вкупна исполнетост на обврската - 48 институции пополнија прашалник за примена на системот на интегритет, додека пак 23 институции делумно ја исполнија или не ја исполнија оваа обврска.

- **Систем на интегритет во единиците на локална самоуправа**

Вкупно 69 општини пристапиле кон порталот на Државната комисија за одговарање на прашалникот за мониторинг на политиката за интегритет, одговориле 40 единици на

локалната самоуправа, додека пак од вкупно 29 единици на локална самоуправа делумно ја исполнија или не ја исполнија оваа обврска.

- **Систем на интегритет во правосудство**

Вкупно 16 судови со потпишана Политика на интегритет пристапиле кон порталот на Државната комисија за одговарање на прашалникот за мониторинг на политиката за интегритет, од кои вкупно 16 институции со потпишана политика на интегритет, 7 пополнија прашалник за примена на системот на интегритет, додека пак од вкупно 9 судови делумно ја исполнија или не ја исполнија оваа обврска.

По извршена евалуација на степенот на примена на системот на интегритет во јавниот сектор за 2023 година, врз основа на стекнатото искуство и знаење од имплементацијата и мониторирањето на системот на интегритет, Државната комисија во 2024 година ќе пристапи кон ревидирање и подобрување на Методологијата за мониторинг на примената на системот за интегритет како и на самите прашалници за примена на системот на интегритет за институциите од централната власт, единиците на локалната самоуправа и институциите од правосудната власт, заради специфичноста на нивната работа.

# I. ПРИМЕНА НА СИСТЕМОТ НА ИНТЕГРИТЕТ ВО ОРГАНИТЕ НА ДРЖАВНАТА УПРАВА, САМОСТОЈНИТЕ ДРЖАВНИ ОРГАНИ И ДРУГИТЕ ДРЖАВНИ ОРГАНИ

## 1. НИВО НА ПРИМЕНА НА СИСТЕМОТ ЗА ИНТЕГРИТЕТ ВО ЦЕЛИНА

Интегритетот е клучен во градењето на силни институции и во создавањето на довербата кај граѓаните. Во текот на анализирање на одговорите од поднесените прашалници за мониторинг на системот на интегритет на институциите од централната власт, можеме да утврдиме дека имплементацијата на системот на интегритет во неговата втора година на имплементација е во напредок и е препознаен како клучна алатка за борбата против корупцијата на институциите.
Преку примена на систем за интегритет државните институции ги регулираат заштита на јавниот интерес и спречувањето на судирот на интереси, етичкото постапување, управувањето со човечките ресурси врз основа на систем на заслуги и квалификации, потоа наменско, рационално и ефикасно управување со јавните ресурси, транспарентноста и пристапот до информации од јавен карактер, управувањето со квалитетот како и овозможувањето на заштитено пријавување од укажувачи.

### 1.1. Опис на важноста на примената на системот за интегритет:

Нивото на примена на системот на интегритет од страна на мониторираните институции се пресметува низ релативен показател - процент на исполнетост на сите предвидени обврски наложени со системот за интегритет на ниво на целина (централна власт). Овој параметар е клучен за мерење на примена на системот за интегритет во земјата и во

првата година од примената на мониторингот дава приказ на актуелната состојба, а во подоцнежните години ќе овозможи мерење на напредокот.
Се утврдува дека постои интерес на институциите од централната власт за соработка во делот на исполнување на обврските кои ги налага процесот за имплементација на системот на интегритет, што пак остава простор ДКСК во наредниот период да превземе повеќе активности за да го забрза овој процес, посебно од аспект на дополнителни средби и обуки, како и прилагодување на прашалникот за мониторирање на системот на интегритет на потребите и начинот на постапување на институциите од јавниот сектор.

### 1.2. Пресметка на нивото на примената:

**Исполнувањето на обврските за примена на системот за интегритет е валоризирано преку следните пет нивоа на категоризација.**

| |
|---|
| **80 - 100 % исполнетост - 'многу добро'** |
| 60 - 80 % исполнетост -'добро' |
| 40 - 60 % исполнетост - 'просечно' |
| 20 - 40 % исполнетост - 'слабо ' |
| 0 - 20 % исполнетост -  'многу слабо' |

Имено, од вкупно 71 институција со потпишана политика на интегритет, вкупно 68% ја исполнија обврската да пополнат прашалник за примена на системот на интегритет. Односно, од вкупно 71 институции со потпишана политика на интегритет, 48 пополнија прашалник за примена на системот на интегритет, додека пак од вкупно 23 институции делумно ја исполнија или не ја исполнија оваа обврска.

Оваа година, имаме зголемување на бројот на органите на државната управа, самостојните државни органи и другите државни органи инволвирани во процесот, од 18 на 71 институција, но и зголемување на процентот на реализација, што претставува успех.

Графички приказ за институции вклучени во процесот, кој успешно ја извршиле обврската за одговарање на прашалникот и комуникација со ДКСК:




## 2. НИВО НА ПРИМЕНА НА СИСТЕМОТ ЗА ИНТЕГРИТЕТ НА НИВО НА ИНСТИТУЦИЈА

